Извештај со препораки

# СИРОМАШТИЈАТА КАЈ МЛАДИТЕ И СОЦИЈАЛНАТА ЕКСКЛУЗИЈА ВО ЕВРОПА



## СОДРЖИНА

**Вовед – Сеопфатен пристап за инклузија на младите .......................................4**

**ПРВ ДЕЛ – На национално ниво: проблеми, причини, решенија ............................ 5**

1. Сиромаштијата и социјалната ексклузија ..........................................................................................................
2. Пристап до услугите.............................................................................................
3. Пристап до образование и обука .......................................................................
4. Вработувањето и пазарот на трудот....................................................................
5. Учество и еманципација/ оспособување ...........................................................

Кон еден интрегриран пристап за сиромаштијата кај младите......................................

**ВТОР ДЕЛ – На европско ниво: Која е улогата на ЕУ? ......................................................**

1. Проблемите на младите во *Европа 2020* и други европски иницијативи...........
2. Младинската гаранција ........................................................................
3. Улогата на финансирањето од страна на ЕУ ...................................................

Препораки за Европската Унија........................................................................

Фотографија на корицата: © Rebecca Lee / EAPN, 2013.

## ВОВЕД – СЕОПФАТЕН ПРИСТАП ЗА ИНКЛУЗИЈА НА МЛАДИТЕ

Состојбата со младите од Европа на пазарот на трудот е една од најдебатираните теми, каде стапките на невработеност достигнуваат и до 23,4% во 2013 год. ( ЕУ-28, Еуростат) и повеќе од 55% во земји како Грција и Шпанија. Таа претставува приоритет и за владите и за Европската Унија за итно разрешување на проблемот. Но, постои една не толку позната бројка што нé запрепастува: Во 2012 год. 29,7% од младите мажи и жени во Европа биле погодени од сиромаштија и социјална ексклузија. (ЕУ-28, Еуростат, 2012). Но, главните случувања и на национално и на европско ниво налагаат воведување на еден потесен пристап кој ќе се сосредоточи претежно на вработувањето и интеграцијата на пазарот на трудот. Други горливи проблеми како: сиромаштијата кај младите, социјалната ексклузија, дискриминацијата, бројните пречки со кои се соочуваат младите мажи и девојки, пристап до услугите, правата на младите и еманципацијата и социјалното учество не се сметаат за приоритетни, а некогаш на нив воопшто не се ни обрнува внимание при креирањето на политиките. Најголемото богатство и надеж за подобра иднина на Европа се младите луѓе, не само младите работници.

ЕАПН смета дека тековните пристапи кои се залагаат само за вработување нема адекватно да се погрижат за разновидноста на младите и ќе доведат до појава на изгубена генерација надвор од пазарот на трудот. Примарна цел треба да е инклузија на младите, во која клучен елемент би било вработувањето, но тоа нема да е единствениот предмет на интерес. Сметаме дека е неопходно да се сконцентрираме на една универзална стратегија/целокупна стратегија за промоција на социјалната инсклузија како и целни пристапи за социјално ранливите млади лица и да ги земеме в предвид аспектите што се исклучени од вработувањето. Иако е важно постоењето на универзални услови (на пример пристапот до целокупна социјална заштита и квалитетни услуги, или Младинската гаранција), потребни се конкретни, приспособени мерки со цел интервенцијата да допре до лицата во најголема ексклузија, потоа лицата соочени со повеќекратна дискриминација – младите жени, недоволно обучените млади лица, младите од руралните средини, младите од етничките малцинства или мигрантите, младите со инвалидитет, или зависници од дрога/алкохол, младите со здравствени проблеми – ментално здравје и депресија, но и младите самохрани родители. Денешните деца се идната младина и е исто така значајно да се сконцентрираме на иклузијата на децата и нивната добросостојба, н пристапот уште од мали нозе до квалитетно образование и грижа, преку помагање на семејствата, децата и младите, а крајна цел е достоинствен живот без сиромаштија и ексклузија.

Не можат сите лица веднаш да се вработат, а на многумина им се потребни приспособени пристапи, на пример советување, за да се справат со влегувањето во светот на работата, додека има случаи кога некои млади не се способни за работа. Потребна е радикална промена во пристапот со цел да се справиме со проблемите на младите, разгледување на правата, почнувајќи од структурните и личните причини и доаѓање до сеопфатни интегрирани решенија. Ваквите иницијативи кои треба целосно да се интегрираат во сеопфатните национални и европски стратегии за борба против сиромаштијата треба да се засноваат врз инклузивна рамка како што е Common Objectives of the Social Open Method of Coordination (Заеднички цели за отворен социјален метод на координација) (пристап до права, ресурси и услуги), Препорака за активна инклузија (соодветна помош на приходите/соодветен додадок на приходите, лесно достапни квалитетни услуги и поддршка на инклузивни пазари на трудот) и Препораката за инвестирање во децата (пристап до соодветни ресурси, квалитетни услуги, право на учество).

Овој извештај со препораки го прикажува проактивното учество во дебатата за инклузија на младите, која ги користи реалните состојби во земјите и личното искуство на нашите членови на терен. Извештајот се базира на темелни дискусии кои се водеа во Групата за инклузивни стратегии на ЕУ од ЕАПН во октомври 2013, февруари и март 2014 год како и за реакциите добиени од прашалникот испратен до нашите Национални мрежи и европските организации. Тука се користи дефиницијата која ни ја дава Еуростат за поимот млади лица (15-29 годишна возраст). Извештајот ги разгледува главните проблеми на младите лица во секојдневието, започнува со самиот проблем, ги испитува основните причини и предлага решенија и добри пракси за истиот. Подеднакво ги разгледува и иницијативите спроведени на европско ниво и дава конретни препораки за еден сеопфатен пристап за професионална и социјална инклузија на младите во Европа. Овој извештај со препораки е насочен кон членките на ЕАПН да го codify/кодифицираат  нашето разбирање во моментов за пречките и решенијата во врска со инклузијата на младите, да се создаде консензус по ова прашање, да ги информираат лоби групите што оперираат на национално и европско ниво за политиките за младите, а исто така и да ги претставаат потребите на нашите политики за национално и европско ниво.

## ПРВ ДЕЛ – НА НАЦИОНАЛНО НИВО:

## ПРОБЛЕМИ, ПРИЧИНИ, РЕШЕНИЈА

### 1. Сиромаштијата и социјалната ексклузија

#### *1.1.Утврдување на проблемот*

**Сиромаштијата,** заедно со **меѓугенерациската сиромаштија/сиромаштијата што се пренесува меѓу генерациите** е главна пречка што ја открија мрежите на ЕАПН (CZ, EE, DE, IE, PL, PT, RO, UK) за младите да можат да водат достоинствен исполнет живот, без беда и ексклузија. Како почетна точка ЕАПН ја земаат повеќедимензионалната дефиниција на поимот сиромаштија, т.е. кога приходот и ресурсите на луѓето се толку несоодветни што ги спречува во активното учество и имањето животен стандард кој се смета за прифатлив во општеството во кое живеат[1]. Ова ги покренува прашањата за слаба и непостоечка покриеност на социјалната заштита (IC, IE, NL, UK), недостаток од кохерентност меѓу пристапите на политиките (PL) и недоволна помош при преминот од еден статус во друг (DE).

Корисната рамка при анализата на Препораката на Европската комисија за инвестирање во децата споменува три столба за инклузија што заемно се надополнуваат: соодветни ресурси (од работата или додатоци на приходот), пристап до услугите и учество. Инклузијата на младите и избавувањето од сиромаштијата треба да претставуваат црвена линија што ги поврзува разните иницијативи на политиките чија цел се младите и која го истакнува интегрираниот пристап.

Расте бројот на сиромашните млади, како што ни покажува статистиката во минатото: скоро една третина од младите во Европската Унија (29,7% во ЕУ 27 во 2009 год) се соочени со ризикот од сиромаштија и социјална ексклузија, според Еуростат (притоа се комбинираат сиромаштијата, материјалната лишеност и домаќинствата во кои нема вработени лица). Бројкава скокна во текот на последните години за 4 проценти, од 25,8% во 2009 год. Во поглед на ризикот од сиромаштија, погодени се 19% од мажите, споредено со 21,2% погодени жени. Недостатокот од финансиска помош за приходите и пристап до услугите, потоа недостатокот од достоинствени работни места и прирастот на

[1] Толкувач на ЕАПН (2014) Сиромаштија и нееднаквост во ЕУ

сиромаштијата кај вработените млади лица се главни фактори кои придонесуваат за ваквата состојба.

**Соодветната финансиска помош за приходите** овде добива суштинско значење, бидејќи во многу земји младите лица кои никогаш не биле вработени, тие сѐ уште не можат да добијат бенефиции за невработени или минимален приход или друг вид на бенефиции, или се посебно исклучени поради ограничувањето според возраста, прецизирани услови на национално ниво за добивање социјална помош.

Во случаи на недостаток на шеми за соодветен минимален приход, младите честопати треба да зависат од своите семејства, пришто се создава феномен на скриена сиромаштија кај младите и зголемена лишеност за нивните семејства. Поради тоа што сѐ повеќе зависат од своите семејства, што понекојпат тие зависат од нив и откако ќе надминат 30тата година, го маскира недостатокот од можности и сиромаштијата со која се соочуваат младите луѓе. За родителите кои се приморани и понатаму финансиски да ги издржуваат своите деца, тоа не претставува само дополнителен финансиски товар, туку и создава пречки за слободата на младите, ја уништува независноста и еманципацијата на младите и го пролонгира циклусот на сиромаштија на семејствата.

Претставува особен проблем во земји како Шпанија, Италија и Грција со многу високи стапки на невработеност кај младите, заедно со непостоењето на национални шеми за минимален приход/шеми за национален минимален приход. Исто така, неодамна се јавија и строги кратења во бенефициите за невработените и социјалната помош, се заострија критеримуите за квалификација на кадрите, честопати тоа доведе до ексклузија на младите или ја намали нивната покриеност.

**ЕАПН Ирска**

40% од младите на возраст од 16-24 во Ирска, се соочени со ризикот од сиромаштија, што е највисок во ЕУ, наведено во податоците што ги дава OECD.

**ЕАПН Романија**

Повеќе од една четвртина од младите се релативно сиромашни (28,1% во 2011 год) и повеќе од една третина од младите со соочени со ризик од сиромаштија и социјална ексклузија (40,3% во 2011 год, наспрема 24,3% во ЕУ-28).

**ЕАПН Финска**

Лицата помлади од 25 години не се квалификувани за добивање бенефиции за невработените без да дипломираат, или без учество во некои други активности во тек на 21 седмица.

**ЕАПН Шпанија**

Во поглед на приходите и вработувањето, економски зависни се 75% од младите, додека 25% не добиваат никаков приход.

**ЕАПН Италија**

Не постои минимален приход за младите, но очајно е потребен.

Расте **ексклузијата,** како што дискриминацијата зазема поголем замав и сé почесто се посочува како фактор кој значително придонесува за сиромштијата кај младите, невработеноста и социјалната ексклузија.

Со растечкиот број на дискриминирачки фактори (пол, социо-економски статус, етничко потекло, инвалидитет) скоро секој млад човек во Европа денес е дискриминиран барем по една основа. Во постојаниот маѓичен круг самата сиромаштија (т.н. социо-економски статус) една од најширокораспространетите причини за дискриминација што доведуваат до поголема сиромаштија и ексклузија за лицата што доаѓаат од бедни семејства.

**ЕАПН Ирска**

Социјалната средина од која доаѓаат студентите претставува моќна пречка за добивање соодветно образование, како и за нивната подоцнежна инклузија на пазарот на трудот. Постојат одредени проблеми за младите од етничките групи во кои се патувачите, ромите и лицата што доаѓаат од имигранстка средина. Децата на имигрантите што не се од земјите на ЕУ и немаат ирско државјанство треба да платат комплетна школарина од една третина што го попречува пристапот за многумина, а особено за оние со слаби примања. Зголемен е бројот на младите инвалиди со ментални здравствени проблеми, што доведува до зачестени самоубиства, особено за младите мажи, како и порастот на криминал кај младите. Се појавија и големи кратења и промени во социјалната помош за самохраните родители.

**ЕАПН Германија**

Нееднаквоста претставува голем проблем, разните региони ги погодува невработеноста, а разните социјални групи – имигранти и деца од сиромашни семејства не добиваат можност за квалитетно образование и обука. Околу 2,8 милиони деца растат во семејства со низок приход и оттука слаби се и нивните почетни можности во животот. Овие семејства со низок приход се луѓе од миграциска средина или самохрани родители или инвалиди. Истражувањата покажуваат дека во Германија постои цврста општа врска помеѓу социјалниот статус (родителскиот дом) и напредувањето на социјалната кариера.

**ЕАПН Португалија**

Кај децата роми забележана висока стапка на неуспех, зачестено се отпишуваат од училиште и се соочени со проблеми во интеграцијата во редовната настава. Во поглед на имигрантските заедници, зголемената ранливост (повеќе од кај мнозинското население) и склоноста кон невработеност исто така се одразуваат кај младите имигранти. Еден пример претставуваат нерегистрираните млади имигранти, чија инклузија на пазарот на трудот се прави преку многу несигурни и слабо платени работни места, без социјална заштита, а во некои случаи тие се соочени со експлоатација на трудот (трговија со луѓе, ропство, плати пониски од договореното или воопшто неплатени работни места итн).

**ЕАПН Естонија**

Се јавува одгромен проблем со младите што зборуваат руски јазик, многумина од нив не знаат естонски, па затоа тешко наоѓаат работа, а има и случаи кога работодавците претпочитаат Естонци, иако младите што зборуваат руски го говорат добро и естонскиот.

**ЕАПН Шпанија**

Важно е да се истакнат потребите на посебните групи, на пр. мигрантите, Ромите, луѓето со инвалидитет, инаку политиките ќе се однесуваат општо на сите „млади“, па ќе ги заборават групите во ексклузија.

Потоа, зголемен број на млади лица, особено жени, се **родители** или **самохрани родители** и се соочуваат со тешка состојба во семејството или домувањето, или пак **се борат со зависноста и менталните здравстфени проблеми** (CY, EE, CZ, IE, MT) и често се

предмет на **стереотипија од медиумите и се малтретирани од врсниците**. Посебна категорија се **младите луѓе што пораснале без родители**, како во државни установи, така и кај далечни роднини, во случаи кога нивните родители живееле во странство. Социјалната и професионалната ексклузија на овие млади лица е во пораст бидејќи постоечките политики се лошо креирани, а постоечките системи се лошо опремени за да овозможат квалитетна инклузија преку обезбедување на потребната помош за овие групи.

**ЕАПН Полска**

Како посебни групи се младите со инвалидитет, кои имаат тежок пристап до вискoто образование или доволно добро образование. За некои има проблем во пристапот до сексуално образование во училиштата, но не е многу признат ни проблемот со мајките тинејџерки.

**ЕАПН Романија**

Извештај за тековните проблеми кај младото население на Романија (Министерство за труд, 2013), наведува дека годишно, околу 5000 млади луѓе кои се надвор од државните системи за грижа стануваат ранливи и се соочени со ризикот од сиромаштија и/или социјална ексклузија. Недоволно се развиени услугите за социјално-професионална интеграција и оние чија цел е одржување на независните животни вештини. Една постара студија на Фондацијата Сорос (Ефекти од миграцијата: Оставени деца, 2008) известува дека околу 170000 деца од основно училиште имаат најмалку еден родител што работи во странство. Оставените деца му се доверуваат на родителот кој не заминал, или во случаи кога и двајцата ги нема, доверени се на грижа кај некој близок или роднина. Младите во оваа состојба сé почесто го напуштаат училиштето и скршнуваат од нормалниот пат што води до зрелите години/adulthood.

## *1.2. ОСНОВНИ ПРИЧИНИ*

Постигнат е консензус во одборот на членки на ЕАПН дека **немањето пристап или ограничен пристап до несоодветна социјална заштита** е една од главните причини за појава на сиромаштијата кај младите, комбинирана со **немање права, ресурси и услуги, заедно со правото на достоинствена работа**. Недостатокот на ресурсри уште од раните години па преку младоста подразбира прираст на сиромаштија и материјална лишеност, ограничен пристап до услуги и повеќе можности, потешкотии да се влезе на пазарот на трудот, и губење на правата и учеството. Ефектите од лошо планираните шеми за

социјална помош особено се видливи во стекнувањето образование и професионална интеграција, каде јасна е пораката: сиромаштија што настанала од немање соодветен додаток на приходот е најголемата пречка да се дојде до вработување, образование и други услуги, како и политичко учество. Дополнителен фактор претставува постоечкото негативно заемно дејство помеѓу финансиската помош и активационите политики во рамката за Активна инклузија, што многу тесно се користи, само да го услови добивањето бенефиции што ќе зависи од прифаќање на секаква работа, дури и слабо платена. Овој маѓичен круг ефикасно ги осудува младите на сиромаштија како вработени (доколку прифатат лоши работни места) или како невработени (доколку не прифатат лоши работни места, па оттука тие ги губат бенефициите).

**ЕАПН Република Чешка**

Структурата на социјалните бенефиции ги оневозможува малите деца од домаќинствата што примаат бенефиции да продолжат со образованието што следи по задолжителното. Сиромаштијата кај семејствата доведува до слаба мотивираност и слаби можности финансиски да ги помогнат децата во образованието што следи по задолжителното.

**ЕАПН Исланд**

Присутен е маѓичниот круг на сиромаштијата. Децата на посиромашните родители ги немаат истите можности за образование како и другите. Бенефициите поврзани со приходите во системот за социјално осигурување подразбира дека лицата кои работат со скратено работно време добиваат многу малку од работењето бидејќи им се смалени бенефициите и затоа тие не се во можност да ја подобрат финансиската состојба и на овој начин можат да паднат во замките на сиромаштијата.

**ЕАПН Италија**

Сиромаштијата кај семејствата често ги принудува младите луѓе да се откажат од училиштето, за да бараат работа за да помогнат дома, што обично се случува во руралните средини, каде нивото на сиромаштија е на високо ниво и постои недостаток од соодветна помош како минимален приход, кои ги приморуваат лицата да престанат со образованието.

**ЕАПН Обединето Кралство**

Се кратат бенефициите за семејствата, замрзнати се детските додатоци, намалени се стапките на бенефиции за инвалидите и скратени се даночните олеснувања за вработените сиромашни. И покрај фактот што реалните плати се во фаза на стагнација или се во пад во изминативе десет години, бенефициите за социјална грижа сега заменуваат помал дел од приходот потребен за минималниот стандард на приход (MIS).

**ФЕАНТСА**

Проблем претставува комбинацијата од пораст на младите невработени, ниски и/или намалени бенефиции и недостаток од економски достапно јавно домување. Младите кои немаат друг избор, освен да го напуштат домот поради семејно насилство или други проблеми и кои не се квалификуваат за добивање public support/државна финансиска помош во домувањето, па така се соочени со ризикот да станат бездомници. Намалената социјална помош која им се плаќа на лицата помлади од 25 години (на пр. во Ирска и Обединетото Кралство) само ја влошува состојбата. Забележан е нагол пораст на младите бездомници во повеќето земји-членки на ЕУ.

Главната причина за постојана и зголемена социјална ексклузија и дискриминација се должи на тоа дека **европските земји не промовираат праведна распределба на богатството и ресурсите, ниту пак промовираат инклузивни општества со социјална кохезија, засновани на солидарност и почитување на правата и примена на** проактивна дискриминаторна политика за сите. Структурните причини за појава на сиромаштијата треба систематски да се искоренат, да ја намалат нееднаквоста, особено во пристапот до приходите и материјалните средства. Средината од која потекнува поединецот (социо-економскиот статус, сиромаштијата, етничката припадност, полот, неспособноста/способноста, здравствените проблеми) е суштинска одредница за дискриминација и пречки за остварување на правата, доаѓање до ресурсите и можностите за секого подеднакво, како што е посочено од мнозинството мрежи на ЕАПН (CZ, UK, EE, DE, IC, IE, IT, PL, PT, RO). Факторите кои влијаат на ваквите општествени ставови се **несоодветните политики, кои не се борат ефикасно или проактивно со сиромаштијата и не промовираат кохезија и инклузија,** како и **погрешно информирање и создавање стереотипи од страна на медиумите,** што придонесуваат за негативни социјални практики на ексклузија и **пролонгирање на циклусот сиромаштија, дискриминација и хендикеп/disadvantage*.**

**ЕАПН Ирска**

Јасна причина се дискриминаторските политики кон сите луѓе, на пр. намалување на социјалната помош за лица помали од 26 години без деца. Младите со инвалидитет двојно се погодени: поради возраста и поради инвалидитетот. Поверојатно е дека тие ќе продолжат да живеат во рамките на структурната нееднаквост и социјална ексклузија, освен во случаи во кои соодветното внимание и ресурсите се сконцентрирани на активна инклузија.

**ЕАПН Република Чешка**

Сиромаштијата, социјалната ексклузија, припадниците на ромската етничка група, статусот на семејствата – сите се повторуваат, се работи за intergenerational transfer/ меѓугенерациски пренос.

## *1.3. ШТО Е ПОТРЕБНО*

Еден сеопфатен пристап за намалување на сиромаштијата бара интегрирана стратегија што ќе ја ребалансира прераспределбата на приходот и ресурсите за обезбедување еднакви права, ресурси и услуги и праведна прераспределба преку даночните и јавните услуги. Во рамките на овој пристап неопходни се посебни насоки и механизми за поддршка за клучните групи, како што се младите.

### *Зголемени социјални бенефиции за децата и младите*

Членките на ЕАПН едногласно ја посочија неадекватните или недостапни додатоци на приходите како главна причина за појавата на сиромаштијата кај младите, за чие решениепостои консензус. Треба да се зајакне квалитетот на социјалната помош, посебно додатокот на минимален приход/ minimum income support (на достоинствено ниво), финансиска помош во домувањето и бенефициите за невработени како и семејната помош, образованието и детските додатоци/ child allowances, да се постави услов дека тие мерки ќе допрат до тие семејства, до тие деца и млади лица на кои им се најпотребни, па оттука ќе се избегне меѓугенерацискиот пренос на сиромаштијата и ќе се искористат еднаквите можности во општеството и на пазарот на трудот.

**ЕАПН Германија**

Со цел избегнување на материјална сиромаштија кај децата некои невладини организации предлагаат загарантиран детски додаток за децата (Kindergrundsicherung) кој ќе обезбеди

небирократски доволно минимално ниво на егзистенција и ќе го поедностави пристапот до она што се нуди на културен и социјален план.

**ЕАПН Исланд**

Решението лежи во субвензионирање на школувањето за погодените од сиромаштија. Во училишниот систем мора да дојде до радикални промени уште на најраните нивоа на образование и мора да се обезбеди поддршка за децата и нивните семејства од кои се очекува дека предвреме ќе го напуштат образованието.

**ЕАПН Италија**

Да се активира шема за соодветен минимален приход со цел да им помогне на младите лица да не го напуштат образованието, потоа да им се помогне на сиромашните семејства и на младите кои веќе го напуштиле образованието за да станат независни и да се ангажираат во наоѓањето работа без да мораат да прифатат работни места во сивата економија.

***Сеопфатни политики кои обезбедуваат еднакви можности и се борат против сиромаштијата и ексклузијата***

Владите треба да воспостават законодавство и мерки што ќе промовираат еднакви права и можности, и проактивно ќе се борат против дискриминацијата и нееднаквостите, вклучувајќи ја тука и половата нееднаквост, потоа младите луѓе нема да бидат казнети за нивното потекло и индивидуални карактеристики, туку тие ќе се поддржат да ја избегнат сиромаштијата и социјалната ексклузија и да водат достоен живот.

**ЕАПН Германија**

Најважната цел е постигнување на еднакви можности за сите деца – без разлика на полот или професијата на родителите или од каква миграциона средина доаѓаат. На сите деца им е потребна еднаква можност за образование и поддршка.

**ЕАПН Естонија**

На младите лица со инвалидитет мора да им се даде еднаква можност за образование исто како лицата без инвалидитет.

**ЕАПН Полска**

Неопходни се пакет од политики и мерки за поддршка на преминот од згрижувањето (семејно или институционално) кон независен живот и работа; обезбедување рехабилитациони програми за младите во поправните установи за младите лица; за поддршка на културната свест и интерграција на младите; обезбедување превенција и поддршка при зависноста од алкохол и дрога.

## *1.4. ПРИМЕРИ НА ДОБРА ПРАКСА*

**Португалија**

Создадена во 2011 година, Choices Programme / Програмата од понудени избори (Programa Escolhas) ја промовира социјалната инклузија на децата и младите кои доаѓаат од поранливи социо-економски средини, чија цел се еднакви можности и засилување на социјалната кохезија. Во моментов е во 5тата фаза, програмата поддржува 110 проекти ширум земјата, што делуваат на дневно ниво за поддршка на формалното и неформалното образование, ориентација и упатување на стручна обука и вработување, развој на граѓанско и општествено учество/ учество на граѓанско и општествено ниво, промовирање на „дигитална инклузија“ и поддршка на еманципацијата/оспособувањета и претприемаштвото. Програмата Избори е финансирана од страна на Институтот за социјална сигурност, преку Генералната-директива за иновативност и наставен развој и преку Европскиот социјален фонд, преку Ориенационата програмата на човечкиот потенцијал. За повеќе информации видете ја интернет страната: www.programaescolhas.pt. Во моментов програмата ја бележи својата 5та генерација, што ќе трае до 31. декември 2015 година.

# *2.ПРИСТАП ДО УСЛУГИТЕ*

## *2.1. УТВРДУВАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ*

Фундаментално право и суштински предуслов за создавање еднакви општества претставува пристапот до квалитетни јавни услуги за сите. Особено е важно за младите лица кои се неповолна положба, она што загрижува пред сé е домувањето (IC, IE, PL, UK, FI), но и здравствените и социјалните услуги, wrap-around counseling/советување и поддршка. Младите лица, посебно жените, исто така се родители, понекогаш самохрани, понекогаш тинејџери, а понекогаш и двете, што претставува значајна грижа, за што се потребни приспособени услуги како финансиски достапна детска грижа, индивидуално советување и помош во учеството и вработувањето.

Потребна им е соодветна помош и услови на младите лица погодени од инвалидитет или друг здравствен проблем (вклучувајќи го тука и менталното здравје) или се борат со проблемот на зависност. Немањето пристап до економски достапни квалитетни услуги значително го попречуваат пристапот до образование, до пазарот на трудот, но и до социјалното учество, социјална инклузија и добросостојба.

**Пристапот до еконосмки достапно домување** го истакнаа поевќето членки на ЕАПН како најпотребна услуга до која не можат да дојдат младите. Многу високите цени на ќириите како и купопродажните цени на пазарот, зголемената резервираност на банките при одобрувањето кредити, несигурните приходи и работни места на младите доведуваат до фактот дека многу млади мажи и жени не можат да си дозволат сопствен дом во раната младост, дури и откако ќе ја поминат 30та. Поради фактот што повеќето од нив зависат од нивните семејства, води кон пренаселеност и несоодветни животни услови како дополнителен финансиски товар за родителите и намалување на автономијата на младите луѓе.

Потоа, одредени категории на млади лица, како оние што ја напуштаат институционалната грижа се особено ранливи и склони да станат бездомници – и намалениот пристап до социјална помош за младите луѓе во многу земји е дополнителен фактор. Младите жени, жртви на семејно насилство, исто така се особено склони да станат бездомници.

**ЕАПН Исланд**

Многу е тешко за младите да си купат или да изнајмат стан. А згора на тоа на располагање се многу мал број лесно достапни домови за инвалидите.

**ЕАПН Полска**

Имаме програми со mortgage allowance / хипотекарни олеснувања наречени Стан за млади, но хипотеката не е решение за младите семејства во сиромаштија или на раб на сиромаштија, а социјалните станови се недоволно развиени.

**ЕАПН Обединето Кралство**

Листите на чекање за добивање социјален стан се многу долги – се чека и по неколку години. Дефиницијата на владата за поимот „достапна“ станарина порасна на 80% од пазарната вредност на станарината. Во пад е имањето сопствен дом, социјален стан и лично изнајмено место за живеење. Лицата помлади од 25 години се во неповолна положба за добивање бенефиции, а ова го ограничува нивниот пристап до домување – со ниска стапка во поглед на закупнината/the rate is very low relative to rents. Стапката на луѓе што живеат во заеднички дом сега се зголеми од лицата помлади од 25 години на лица до 35 години. Во пораст е бездомништвото и на младите луѓе, а половина од младите бездомници се на возраст под 20 години.

Исто така недостасуваат **сеопфатни и финансиски достапни социјални услуги, вклучувајќи ги и здравствените услуги и советувањето**, при што сиромашните млади лица сé повеќе се соочуваат со пречки. На младите им е потребна индивидуална поддршка и услуги за добивање обука, како и помош при наоѓањето квалитетна и одржлива работа. Неоспроно е постоењето на достапна, пристапна и квалитетна детска грижа и други слични услуги за младите мајки, посебно за самохраните родители. И последно, но не помалку важно, квалитетната работа е многу битна димензија и конкретните услуги за младите играат главна улога за успешна социјална и професионална интеграција на младите лица.

**Македонската ЕАПН**

Евидентиран е недостаток на младински центри и услуги за младите потпомогнати од владата.

**ЕАПН Финска**

На младите голем проблем им претставува пристапот до услуги за ментално здравство. Листата на чекање е долга, а во меѓувреме проблемите само се влошуваат. Тешко е да се дојде и до семејно советување, на услугите за заштита на децата им недостасуваат ресурси. Во училиштата нема доволно социјални работници, психолози или медицински сестри.

**ЕАПН Малта**

Недостасува поддршка во училиштата во формалните и неформални средини, вклучувајќи ги тука и воспитувачите и социјалните работници.

## *2.2. ОСНОВНИ ПРИЧИНИ*

Најважната причина за несоодветен пристап до услугите за младите е што услугите не постојат во поголемиот дел од времето, или затоа што никогаш ги немало или пак нивното финансирање е намалено во последниве неколку години како резултат на кризата. Зголеменото кратење го наметнаа строгите мерки на штедење. Во случајот со домувањето и здравствената нега, преголемата зависност од решенијата што ги диктира пазарот ја влошува состојбата со недостатокот од достапни услуги.

Повеќето членки на ЕАПН посочуваат дека загрижува отсуството особено на услуги за сеопфатна социјална помош за ранливите млади лица (CY, CZ, DE, IE, IT, MK, RO) како пречка до достоинствен живот за овие групи. Понатаму, услугите кои навистина постојат, како домување, нега, здравство и образование не успеваат да ја земат в предвид конкретната состојба на младите, особено на оние кои веќе се соочени со потешкотии. Постојат одредени проблеми во пристапот поради дискриминацијата на младите жени, младите лица од малцинските заедници, или младите кои имаат особен идентитет или доаѓаат од одредена социјална средина.

**ЕАПН Италија**

Причините се непостоење на соодветен систем за национално и регионално советување во училиштата, на универзитетите или во услугите за вработување како и кај услугите што им помагаат на младите да се справат во светот на работата.

## *5.3.ШТО Е ПОТРЕБНО*

***Пристап за сите млади до основните услуги и ресурси и специјализирани услуги за млади кај ранливите групи***

Младите имаат сложени потреби, па нивниот потполен развој и учество се постигнува со сеопфатен избор од соодветно финансирани програми, иницијативи и делувања. На прво место се образовните услуги, но подеднакво е важен и пристапот до здравствената нега, особено за најпогодените (инвалидите, болните од депресија или зависност), советувањето, грижата како и можностите за ангажирање и учество, со цел да ја негуваат позитивната слика за себе. Ова го поддржуваат скоро сите членки на ЕАПН (CZ, EE, IC, PL, EE, IE, UK).

**Република Чешка**

Да се инвестира во програми кои ја развиваат self-perception/ свеста за себе, карактерот, самопочитта, активно работење на проекти за заедниците уште од основно и средно образование.

**ЕАПН Естонија**

Да се имплементираат системи за информирање на младите врз основа на методот „младите за младите" и овие информативни услуги да им се приближат на луѓето преку интерактивни методи за да можат да им одговорат на истите.

**ЕАПН Финска**

Развивање на сеопфатна младинска работа, за да им се помогне на лицата помлади од 29 години вон образовниот систем или пазарот на трудот, а на кои им е потребна помош во услугите од јавниот сектор и кои се соочени со ризикот од социјална ексклузија. Ова подразбира работа на улица, независна работа со млади, мобилна работа со млади или теренска работа со млади. Finnish Youth Act/ Финскиот младинцки акт ги има утврдено условите за теренска работа со млади и мултидисциплинарна соработка на локално ниво уште во 2011 година.

**ЕАПН Исланд**

Важно е сите млади да се ангажираат на полето на спортот или во други рекреативни активности без разлика на нивната финансиска положба.

**ЕАПН Малта**

Потребна е поголема помош за невладините организации и институции што работат со млади лица, поддршка на неформалните групи и поширок пристап до едукативните центри на заедниците.

**ЕАПН Романија**

Во системите за здравствена нега, образовните и системите за социјална заштита треба да се направат реформи, за да станат поинклузивни и приспособени за новите национални услоги.

***Пристап до соодветни достапни домови***

Проблемот со домувањето на младите преставува уште еден приоритет што треба итно да се реши. Предложени се повеќе решенија што вклучуваат и промена на законодавствата во земјите за кодифицирање на правото на достоинствен дом како основно човечко право. Треба да се подобрат условите за добивање социјални станови и да целат кон најпогодените лица, исто така треба да се почитува квалитетот и да не дојде до поголема потрошувачка на гориво и енергија. Нашите членови известуваат дека додека во повеќето европски градови е зголемен бројот на празни домови, сé повеќе луѓе спијат во лоши услови или имаат неодржливи услови за домување, а во пораст е живеењето на диво.

**ЕАПН Обединето Кралство**

Изградба на соодветни, финансиски прифатливи домови ќе ја намали цената на куќите и ќириите, од што би имале корист младите лица.

**ФЕАНТСА**

Потребни ни се политики за максимално зголемување на опцијата за домување на младите бедзомници. Подобра употреба на слободни домови, зголемен број и подобро таргетирани социјални домови, социјализација/socialization на приватниот сектор за закуп, промовирање на ефтини методи на градба, трансформирање на празен деловен простор во домови за живеење итн.

## *2.4. ПРИМЕРИ ЗА ДОБРА ПРАКСА*

**Финска (преку ФЕАНТСА)**

Моделот на работа Vamos/работниот модел Vamos развиен од членката на ФЕАНТСА Helsinki Deaconess Institute во текот на претходната програма за бездомници претстави еден ефикасен начин на работа со младите бездомници во најтешките животни ситуации. Работата започна во 2008 год како проект заснован врз потребите кои ги идентификуваше теренското работење. Се открија неколку пропусти во scattered / дисперзираниот систем од услуги и целта беше развивање на сеопфатна услуга за да се коригираат овие пропусти во соработка со локалните власти и другите невладини организации. Интерес на The VAMOS LOW-THRESHOLD SERVICE се младите луѓе на возраст од 16 до 29 години без свое место во образованието или без работа и не можат да дојдат до потребните услуги. Целта во работата е зајакнување на сопствените ресурси на младите лица преку индивидуално приспособено подучување/ coaching за конечно да го најдат патот до образованието или работата. Младинскиот центар Vamos ги интергрира сите битни услуги на едно место, заедно со социјалните и здравствените услуги што ги нудат градовите. Работата во occupational groups/ професионалните групи нуди можности за подобрување на вештините и самодовербата на поединецот. Клучни елементи во подучувањето се довербата, доброволноста и запознавањето млади луѓе како активни партнери. Домувањето се организира во соработка со провајдерите на домовите. Исто така, дел од мрежата се и работилниците за млади во градовите, Helsinki Diakonia College итн. Vamos беше развин во Хелсинки, а сега работниот модел се применува и во градот Еспо. Услугата им помогна на многумина млади, а резултатите беа успешни: скоро 70% од луѓето кои доаѓаат во Vamos повторно застануваат на нозе (се враќаат на училиште или на работа) за една година.

## *3.ПРИСТАП ДО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА*

### *3.1.УТВРДУВАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ*

Мнозинството членки (CZ, DE, IE, IT, NL, PL, PT, RO, UK) ги истакнаа образованието и обуката како уште една клучна област во која младите се соочуваат со значајни пречки во последно време, заедно со нееднаков пристап, сегрегација, недостаток од програми, ниско ниво на завршување на образованието, напуштање на образованието, немање вештини и несогласувања. Додека на образованието се гледа како на обезбедување на децата и младите со широко познавање на светот како што се животните средини и социјални компетенци, надвор од потребите на пазарот на трудот, на обуката се гледа како на посета на посебни курсеви поврзани со вработувањето и професионалната интрегграција.

За образованието во основните и средните училишта претежно не се плаќа школарина, но мит е дека не прозилегуваат дополнителни трошоци и дека секој има **еднакви можности за квалитетно образование и обука.** Еднакво образование за ского претставува право, но многу од децата и младите луѓе се соочуваат со бројни тешкотии што произлегуваат или од меѓугенерациската сиромаштија и социо-економскиот статус или од дискриминацијата врз друга основа, како пол, раса, етничка припадност, инвалидитет итн, како и промени во пристапот и фер однос во училишните системи. Нееднаквостите во училиштата се зачестена реалност ширум Европа, одразувајќи ги сите нееднаквости во нашите општества.

**ЕАПН Ирска**

Запишувањето на факултет сé уште претставува главен проблем за децата од заедниците во неповолна состојба. Половина од децата на училиште во неповолните области (24%) се запишуваат на трето ниво, споредено со нивните врсници во другите јавно финансирани училишта (49%). Пописот од 2006 год покажа дека 63,2% од децата на патувачите помали од 15 години го напуштиле образованието во споредба со 13,3% за општото население. Сепак во Буџет 2011, беа скратени сите дополнителни средства за поддршка на младите патувачи што требаше да останат во редовното образование.

**ЕАПН Република Чешка**

Како реален фактор се смета приватизацијата на училиштата, која доведе до сегрегација меѓу јавните и приватните училишта. Приватните училипта манипулираат со резултатите

со цел да дојдат до повеќе ученици бидејќи добиваат пари за секој ученик. Во пораст се нееднаквостите во образованието, постојат ВИП училишта, додека некои деца Роми се ставаат во посебни или сегрегирани основни училишта, без можноста успешно да го завршат средното образование.

**ЕАПН Полска**

Имаме некои критики во поглед на нееднаквостите во образованието, но широко се прифаќаат резултатите од PISA, без да се земат в предвид меѓугенерациските нееднаквости.

**ЕАПН Романија**

Младите се соочени со пречки во пристапот до образование, здравствена нега и квалитетни јавни услуги, а состојбата се влошува за лицата од руралните средини – Романија има највисок процент во ЕУ на население во руралните области.

Пристапот до, како и постојаните можности за образование и обука ги спречуваат бројни причини кои доведуваат до **ниски резултати во учењето, сé помал број на лица што завршиле некаков вид образование, а зачестено е прерано напуштање на образованието**. Трошоците кои произлегуваат од образованието (облека, книги, превоз итн), тешки семејни околности (несоодветно домување, млади родители, материјална лишеност, па дури и глад) и дискриминација (заедно со малтретирањето) често им стојат на патот на лицата да го завршат образованието и обуката. Исто така, како непополно решение се смета и изнаоѓањето дополнителни можности за обука за младите невработени, особено за самохраните родители, без да им се додели соодветен додаток на приходот.

**ЕАПН Италија**

Бројот на дипломирани лица на возраст меѓу 30 и 34 години изнесува 21,7%, додека просечната стапка на ЕУ 28 изнесува 35,7%. Стапката на млади лица што предвремено го напуштиле образованието до 2012 год достигнува 17,6%.

**ЕАПН Португалија**

Португалија ја има третата највисока стапка во ЕУ на предвремено напуштање на образованието и во 2011 год стапката на дипломирани студенти на возраст од 30 до 34 години изнесувала 26,1% споредено со стандардот во ЕУ од 34,6%.

**ЕАПН Германија**

Проблемот дека успехот во образованието зависи од социјалното потекло сé уште не е решен. Овие деца кои се во неповолна положба скоро и да немаат можност да ја избегнат замката на сиромаштијата во образованието. Во 2010 год стапката на млади луѓе (19-29 години) без диплома или формално образование или обука изнесуваше 14,1%.

Друго значајно прашање поврзано со образованието и обуката е **дали образовните програми нудат доволен квалитет и ги обезбедуваат младите лица со животните вештини за да се обезбеди нивно активно социјално учество** и **дали можностите за обука соодветно ги подготвуваат младите за пазарот на трудот.** Она што го гледаме на терен е пад во финансирањето на неформалното образование, недостаток од инвестиции во стручната обука и неколку образовни системи оквалификувани како неефикасни. Подеднакво, надградувањето на вештините не претставува маѓичен лек бидејќи голем број на млади со завршен факултет сé уште не се во можност да најдат квалитетна работа.

**ЕАПН Бугарија**

Високото образование не е многу квалитетно, па работодавците повеќе сакаат да вработуваат луѓе што дипломирале во странство.

**ЕАПН Естонија**

Соработката меѓу фирмите, училиштата и универзитетите е лоша, особено при стажирањето и job shadowing/период на наблудување и учење/ практикантите.

**ЕАПН Исланд**

Политиките во образованието се премногу сконцентрирани на дипломирање на студентите на универзитетите. Програмите за стручна подготовка и техничка обука треба

да се зајакнат заедно со повеќе кратки курсеви што нудат професионални квалификации.

### *3.2.ОСНОВНИ ПРИЧИНИ*

Постојат повеќе фактори што доведуваат до сиромашни, нееднакви образовни системи. Клучен проблем е **чекорот наназад** што се забележува во последниве неколку години, **од обврската да обезбедат целокупно, сеопфатно и јавно образование за сите**, што ќе понуди бесплатен и еднаков пристап. Членовите исто така известуваат и за **крути и неферормирани образовни системи,** кои се причината за неинклузивна средина во образованието во многу земји.

Ослабнатите сеопфатни јавни образовни системи, како и дискриминацијата во училиштата, заедно со малтретирањето и сегрегацијата како и неуспехот за соодветно справување со овие проблеми, сето ова доведува до маргинализирање на учениците од клучните групи, вклучувајќи ги тука и лицата од средини во неповолна социјална положба.

Не се прави доволно за да се надоместат разликите во почетните позиции, како повеќе бесплатни оброци, индивидуализирано советување и школарина, ваучери за превоз, часови за борба против дискриминацијата за учениците и наставниците, дополнителни средства за поддршка на учеството на маргинализираните групи во редовното образование.

Неодамнешните кратења во јавната потрошувачка за политиките и реформите во образованието, само ќе ја влошат состојбата, а ќе доведат и до зголемена приватизација на образованието како и на другите услуги.

**ЕАПН Република Чешка**

Понизок квалитет, сегрегирани училишта за некои групи водат кон потешко адаптирање во високото и универзитетско образование (јазик, аналитички вештини...). Нема дополнителни програми за ранливите групи за успех во основното, но и во високото образование.

Повеќето сиромашни деца не живеат во богати семејства. Можноста за успех во образованието премногу често зависи од нивото на социо-економските ресурси во семејството и домаќинството, чиј недостаток создава една неповолна средина за детето или младинецот да продолжи со своето образование.

**Расположливиот приход, како и условите во домувањето и животните услови и пристапот до услугите се фактори кои значително влијаат за стекнување образование.** Потребна е wrap-around/ сеопфатна поддршка за родителите и семејствата и соодветни социјални бенефиции и услуги што нудат помош за секое дете да има полза уште од раната фаза од квалитетно образование и нега.

**ЕАПН Германија**

Недостасува образование во раното детство. Тоа е причината што многу деца не можат да надоместат за хендикепот што го наметнуваат нивните социјални средини. Ова подразбира дека децата од социјално загрозените семејства имаат полоши или никакви квалификации кога го завршуваат образованието. „Bildungs- und Teilhabepakt“ (Спогодба за образование и учество) на Федералната Влада, што треба да им помогне на децата од семејства корисници на социјална помош е премногу бирократска и е комплицирано организирана што дури и им претствaува проблем на некои власти или невладини организации.

**ЕАПН Обединето Кралство**

Сиромаштијата кај децата им стои на патот на идните можности на децата, а останува постојан јазот меѓу сиромашните деца и останатите. Постои силна врска меѓу сиромаштијата и постигнувањето резултати на образовен план на возраст од 11 и 16 години.

Недоволна распределба на средствата исто така подразбира **намалување на стандардите и квалитетна контрола за програмите за обука**.

Не е јасно дефинирана обврската за подготвување на младите со трговски вештини. Беверидж кривата покажува дека не се усогласени барањата на работодавците и понудените вештини, што посочува на фактот дека системите за јавно образование и обука не ги извршуваат обврските. Но, наместо да се надмине ваквиот јаз, работодавците

сé помалку инвестираат во обука на работното место и квалитетен приправнички стаж, а пак нивните очекувања од традиционалните системи растат.

**Недостатокот од соработка и програми за заедничка обука меѓу работодавците** (приватни, но и јавни и од третиот сектор) **и образовни институции** само го зголемува овој јаз и последиците од него.

**ЕАПН Романија**

Национално признавање и еквивалентност на квалификациите/способностите (стекнати формално или неформално) и дипломите сé уште е во зародиш и не е целосно приспособено и флексибилно брзо да им одговори на потребите на националниот пазар на трудот.

## *3.3.ШТО Е ПОТРЕБНО*

***Сеопфатно и инклузивно јавно образование, заедно со конкретна помош***

Потребно е темелно разбирање на структурните и индивидуални карактеристики и пречки за поттикнување на универзални, сеопфатни стратегии за државно образование, за еднакво образование за сите и дека и училиштата и центрите за обука имаат заштитнички став, потоа појава на инклузивни средини без дискриминација и малтретирање. Не се слични сите деца и млади и додека образовниот систем е ист за сите, почетните можности не се. Оттука произлегува дека е неопходен дополнителен, приспособен пристап.

**ЕАПН Република Чешка**

Решението лежи во политиката за инсклузивно образование. Ова подразбира помошни програми за ранливите групи за постигнување успеси во основното, но и во високото образвование, како дел од образовниот систем. Подразбира стипендии и грантови во образованието, потоа патување и активности во слободно време.

***Висококвалитетно образование и грижа уште од раното детство***

Ова е апсолутен предуслов за стекнување со образование во иднина како и за завршување на истото. Доцнењето и заостанувањето што се јавило во раните години од школувањето и

претшколските денови значително може да ја одреди инклузијата во образованието на поединецот, како и неговиот професионален развој. Семејствата треба да се потпомогнат за да обезбедат соодветна грижа и пристап до образованието за своите деца, а подоцна на младите луѓе им се потребни соодветни ресурси и услуги за да се запишат и да ги завршат обуките што им се нудат.

**ЕАПН Германија**

Инклузијата се постигнува само со висок степен на квалитетно образование во раната возраст и елиминација на образовните системи составени од повеќе нивоа.

**ЕАПН Романија**

Што се однесува на инклузијата на младите, постои итна потреба за поефикасни интервенции за зголемување на бројот на запишани деца во училиштата.

***Релевантна обука***

Образованието ги обезбедува луѓето со социјални вештини, информации и знаење што ни помагаат да станеме возрасни луѓе и да се оспособиме за квалитетно вработување. Ете зошто е важен квалитетот на понуденото образование и обука, бидејќи од него многу зависи идната социјална и професионална интеграција на поединецот. Згора на тоа, релевантноста на здобиените вештини од обуката и нивната употреба на пазарот на трудот се уште еден одлучувачки фактор. За да се постигне тоа, светот на обуката, вклучувајќи ја тука и стручната подготовка и работата, треба да се приближат една до друга и да станат силни партнери за целосно инволвирање на младите лица и нивните оргнизации со цел развивање на одржливи и важни програми за висококвалитетна настава и обука.

**ЕАПН Естонија**

Потребна ни е поголема и поефикасна соработка помеѓу високообразовните институции, стручните училишта и работодавците.

**ЕАПН Германија**

Училиштата треба да ја зајакнат соработката меѓу канцелариите за вработување и фирмите, да се помагаат децата во текот на нивната ориентација и нивното индивидуално донесување одлуки засновано на сопствените потреби.

## *3.4.ПРИМЕРИ НА ДОБРА ПРАКСА*

**Исланд**

Кампањата „Образованието е патот до вработувањето“ го раководи Директоратот за труд за лицата што бараат работа. Нуди два типа на образование: настава по конкретна професија во одредени средни училишта во повисоките класови и основни или пристапни курсеви во рамките на универзитетите наменети за лица на 25 годишна возраст и постари кои планираат да се запишат на факултет, но го немаат положено приемниот испит за факултет (stúdentspróf).

**Италија**

Постојат добри пракси поврзани со образованието и обуката како и во помагањето на младите лица за создавање на нови работни места. Во Неапол беше промовирана една група од наставници наречена „учители на патот/мајстори на патот“, проектот „Шанса“ (училишта што нудат втора шанса основани во 1994 год) чија цел е да ги поврати младите луѓе што го напуштиле задолжителното образование во најзагрозените области во градот. Во проектот „Шанса“ учество земаа семејства со минимален приход чии членови предвремено го напуштиле образованието, а младите момчиња биле приморани да работат за да го издржуваат семејството.

**Ирска**

„Давање еднаква можност во училиштата“ (DEIS) е значајна владина програма која се сконцентрира на разгледување на образовните потреби на децата и младите од загрозените заедници од предучилишна возраст до средното образование. Во оваа програма учествуваат 860 основни и средни училишта.

## 4.ВРАБОТУВАЊЕТО И ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ

### *4.1. УТВРДУВАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ*

За разлика од другите групи, младите луѓе и понатаму се соочени со многу потешкотии за да влезат и да останат на пазарот на трудот, потоа, да дојдат до квалитетни работни места. 12 национални мрежи на ЕАПН (CZ, EE, DE, IC, IE, IT, MK, NL, PL, PT, RO, UK) ги наведуваат невработеноста (и онаа на долгорочен план), недоволната вработеност, ниските плати, работните места со скратено работно време или несигурните работни места, како и непријавената работа како главни фактори што ја влошуваат добросостојбата на младите.

Стапките на **невработеност** кај младите не се само статистички бројки, но се сурова реалност за многумина млади на терен. Честопати придружени со немањето пристап соодветен додаток на приходот и услуги, води до ексклузија, демотивација, неможност да се планира иднината, тешки услови во домот и оскудно учество во општеството. Многу млади лица се наоѓаат во положба позната и како **НВОО невработени, необразувани и необучени).**

**ЕАПН Ирска**

Во моментов, едно од главните прашања со кои се соочуваат младите е невработеноста. Мнозинството лица на возраст од 18 до 25 години кои се невработени се невработени на долгорочен план. Еден извештај на Eurofound од 2012 год прикажува дека 18,4% од луѓето на возраст од 15 до 24 години во Ирска не биле вработени, ниту пак се стекнале со образование или обука (НВОО), второто највисоко ниво во ЕУ со просек од 12,9%. Нешто над половината од овие биле невработени.

**ЕАПН Италија**

За групата на возраст од 18 до 29 години националната стапка на невработеност изнесува 28%, но во јужните области таа достигнува и 40,5%, споредено со 20,1% во северните региони. Стапката на НВОО за групата меѓу 15 и 29 изнесува 23,9% споредено со просекот на ЕУ, кој изнесува 15,8%.

**ЕАПН Португалија**

Невработеноста преставува најголем проблем за лицата помлади од 25 години. Стапката на невработеност на млади беше 36,8% (ноември 2013, Еуростат – исто така петтата највисока стапка во ЕУ).

**ЕАПН Романија**

Младите лица се поизложени на негативните ефекти од невработеноста, бидејќи невработеноста на младите станува хронична и сé повеќе се зголемува за една година: 43,3% од невработените меѓу 15 и 24 години биле догорочно невработени во 2012 год.

**ЕАПН Обединето Кралство**

Невработеноста кај младите во Обединетото Кралство е скоро три пати повисока отколку кај возрасните; во третиот квартал од 2013 год, таа изнесувала 20,8%.

Младите луѓе исто така се соочени со повеќе пречки, а сепак им се нуди сé помала помош, кога се обидуваат да влезат на пазарот на трудот, особено за прв пат. **Санкициите и засилените критериуми** соодветно не се грижат за сложената природа на пречките од структурна и индивидуална природа, а тие можат и да придонесат за зголемување на постоечките проблеми. Тие честопати се сметаат за неквалификувани за добивање на бенефиции за невработените, бидејќи тие сé уште воопшто не немале вработено или се исклучени од друг вид на социјална помош поради ограничувања во возраста предвидени во националните закони, па така младите лица остануваат без никаков приход. Оние кои сепак добиваат некаква социјална заштита честопати се доведени во ситуација да бидат условени да прифатат понуда за работа од центрите за вработување, дури иако таа е со низок квалитет и/или е неодржлива.

**ЕАПН Обединето Кралство**

По шест месеци невработеност младите луѓе се упатуваат до провајдерите во јавните центри за вработување. Во својата прва година од постоењето, повеќе луѓе биле санкционирани (бенефициите им биле скратени или укинати), а не нашле работа преку овие центри. Лицата помлади од 25 години кои сочинувале 27% од барателите на

Грантови за невработени во ноември 2012 год, но 47% од сите санкции меѓу јануари и октомври 2012 год. Нов построг режим беше воведен по октомври 2012 год, оттука санкциите дополнително се засилија (MPSE 2013).

Еден од најзначајните фактори што придонесуваат за високата стапка на невработеност е **недостатокот од работни места во глобала и конкретно непостоењето на квалитетни, одржливи работни места**. Во целокупниот контекст кој следеше по рецесијата, опишан и како „закрепнување на невработените“, на младите им е уште потешко отколку на другите возрасни групи да дојдат до вработување. Напорите за создавање работни места не секогаш ги земаат в предвид младите работници, се укинаа и местата за стажанти, отстапувајќи ѝ место на поефтината (дури и бесплата) опција – **приправничкиот стаж**. Додека местата со висококвалитетно работно искуство се многу вредни можности за учење и им помагаат на младите да најдат сигурно место на пазарот на трудот, приправничкиот стаж на пазарот често не ги почитува достоинствените работни услови (вклучувајќи ги тука и платите), ниту пак води до стабилно вработување и понекогаш не се ни признаени како соодветно работно искуство од понатамошните работодавци. Секако, субвенциите за работодавците што вработуваат млади луѓе се покажаа успешни, во глобала, но, постојат и некои грижи дека работодавците ги користат парите за други цели или пак тие за возврат нудат несигурно вработување со лош квалитет.

**ЕАПН Кипар**

Главниот проблем за младите луѓе е недостаток од можности за вработување.

Расположливите работни места за младите лица се честопати со **слаб квалитет**, „мини-работни места“ на нетипични договори, ниски плати и слаба заштита на работното место. Младите, посебо жените и мигрантите, повеќе ги погодува несигурното вработување отколку другите сегменти на населението, имаат понестабилни услови за вработување, а кога се соочени со невработеност, или им е намалена социјалната заштита (поради намалените придонеси) или таа не им е обезбедена. Исто така се очекува дека нив ќе ги погоди **сиромаштијата кај вработените** (11,9% од младите работници ги погодила сиромаштија кај вработените во 2012 год, споредено со 9% од вкупното население). Поради ниските примања и несигурното вработување младите не се во состојба да водат слободен живот и да основаат семејство.

**ЕАПН Исланд**

Проблем претставува политиката со ниски плати. За лицата што примаат многу ниски плати е многу тешко да основаат семејство и дом.

**ЕАПН Ирска**

Проблем претстваува прашањето со квалитетни работни места, особено што голем број млади луѓе се или привремено вработени или со скратено работно време. Процентот на млади лица меѓу 15 и 24 годишна возраст привремено вработени се зголеми од 11,2% во 2004 на 34,9% во 2012 год, според студијата на Eurofound).

**ЕАПН Романија**

Во 2008 год, на почетокот од економската криза, 23,1% од младите вработени во Романија биле сиромашни. Во 2011 год тој број пораснал на 30,7% за работници на возраст од 18 до 24 години, што претставува највисок степен во ЕУ.

Треба да изнаоѓаат алтернативни решенија на пазарот на трудот на работодавците, загрозените лица кои бараат работа како што се младите. Членките на ЕАПН сигнализираат за **недоволно вработување** и за **непријавена работа** како стратегии за младите за преживување и врзување крај со крај. Но, овие решенија „за итни потреби“ исто така придонесуваат и за нестабилност несигурност, низок приход, намалена или непостоечка социјална заштита, недоволна обученост, изолираност, разнишана самодоверба и учество.

**ЕАПН Португалија**

Поради фактот што повеќето можности на пазарот на трудот за младите не се квалитетни, оваа категорија од населението е приморана да прифати слабоплатени работни места за доброволно да ги „деградира“ своите вештини при барањето и аплицирањето за работа, а и да го намали инвестирањето во своето идно образование.

**ЕАПН Италија**

Висока е стапката на непријавена работа. Бројот на нередовните работници во Италија достигнува 3 милиони, една неодамнешна студија посочува дека стапката на сивата

економија во Италија е над 21%, што е една од највисоките во Европа.

Членките на ЕАПН исто така известуваат и за **несогласување меѓу образованието и обуката и потребите на пазатор на трудот**. Младите луѓе се веројатно поквалификувани од претходните генерации, но присутен е и јазот меѓу понудените и потребните вештини.

**ЕАПН Португалија**

Пазарот на трудот регистрира јасно несовпаѓање меѓу потребите на работодавците и вештините на работниците, кое и понатаму се влошува бидејќи илјадници млади луѓе си заминуваат во странство.

**ЕАПН Романија**

Посебно младите лица имаат потешкотии во поглед на учеството на пазарот на трудот како: огромно вработување во неформалниот сектор, недостаток од можности за пристојна работа, висока стапка на самовработување, активности за егзистенција/subsistence activities, несигурност на работата и сиромаштија кај вработените, слаб пристап до формите за континуирана обука и несовпаѓања меѓу образованието и барањата на пазарот на трудот.

## *4.2.ОСНОВНИ ПРИЧИНИ*

**Недостатокот на практикантски стаж/ lack of entry level** jobs го посочуваат повеќето членки на ЕАПН (CZ, EE, IE, MK, PT, RO, UK, FEANTSA) како главна причина за невработеноста кај младите. Очигледно недостасува директно инвестирање и помош при создавање на работните места, како и приспособување на барем еден дел од таквото инвестирање за создавање работни места за младите. Поконкретно во руралните и загрозените средини не се ставаат под приоритет развојот на земјоделството или локалната индустрија, ниту пак тие се финансираат. Работодавците играат улога, бидејќи целосно не ги искористуваат можностите кои им се нудат или пак соочени се со несоодветни работни места.

**Германија**

На работодавците им е дадена можноста да понудат дополнителна обука за поддршка на загрозените млади на нивното работно место и новата состојба. Но, овие можности честопати не ги користат работодавците, а понудената обука е слабоплатена и со тешки работни услови што ги чини непривлечни за младите лица.

**ЕАПН Романија**

Во руралните средини недостасуваат провајдери на стручни програми, а локалниот пазар на трудот нуди помалку можности за работа. Сепак, не постои јасна локална стратегија за зголемување на претприемаштвото или учеството во трудот за секоја категорија, па оттука и за младите.

**Македонска ЕАПН**

Во помалите градови и села нема развиена индустрија и не се создаваат нови работни места.

**Неквалитетните работни места и непријавенате работа** се посочени како фактори од страна на членките на ЕАПН (DE, IT, MK, NL, PT, RO, UK, FEANTSA) како причини за сиромаштија, ексклузија и беда. **Слабиот квалитет на расположливите работни места** го пролонгира маѓичниот круг на сиромаштијата и несигурноста, како што слабоплатените, нестабилни, непријавени работни места се главна причина за понатамошна ексклузија од пазарот на трудот и од општеството.

**ЕАПН Португалија**

Младите со несигурна работа се соочени со поголема несигурност на работата и неизвесност за иднината, кои се релевантни негативни фактори што влијаат на можноста да го планираат својот живот и да ги остварат целите според разумните очекувања за претстојните можности.

## *4.3.ШТО Е ПОТРЕБНО*

***Инклузивни и supportive политики кои нудат помош во активирање на пазарот на трудот***

Првиот чекор за барање работа и овој чекор е покомплициран и бара повеќе ресурси отколку што е потребно, особено за младите ангажирани на пазарот на трудот за прв пат, а дури повеќе за оние што се соочени со посебни пречки. Потоа, индивидуалното советување и сеопфатните пристапи за пат до инклузивните пазари на трудот заедно со додаток на приходот и пристапни услуги се идентификуваа како клучен предуслов од страна на повеќето членки на ЕАПН (CZ, EE, IE, PL, PT, RO, UK, FEANTSA).

Треба да се поработи на понудите на пазарот преку соодветна подготовка и помагање на младите луѓе да најдат квалитетна работа, но да се поработи и на потребите на пазарот, бидејќи работодавците треба да отворат достоинствени работни места за младите и да ја негуваат инклузијата и да се борат против дискриминацијата при регрутирањето кадар и во самото вработување.

Сиромаштијата претставува главна основна причина за немање на професионално и социјално учество и на него треба да се гледа како сложен повеќеслоен феномен, а не да се имплементира тесен, контрапродуктивен едноличен пристап.

**ЕАПН Република Чешка**

Потребна ни е политика за флексибилно, но добро и активно вработување со соодветен буџет, креативни и добри програми за приправнички стаж, кои заедно ќе се развиваат со граѓанското општество.

**ЕАПН Полска**

Решенијата се во форма на мерки сконцентрирани на преминот од образовниот систем до работата во образовниот систем (стручна насока) и во услугите на вработуавње (посебни мерки за младите невработени).

**ЕАПН Португалија**

Напредок се постигнува преку зајакнување на Стретегијата за активна инклузија заснована врз индивидуални и интегрирани начини за инклузија, а не само за активирање,

заедно со мерките за справување со невработеноста што не се сконцентрирани на несигурноста на трудот и слабите плати, туку и на зајакнување на достоинствената работа.

**ФЕАНТСА**

Пристапот до вработување е суштински фактор во реинтегративните процеси, но младите бездомници имаа широк спектар од сложени потреби поради кој честопати им стојат на патот на младите бездомници во наоѓањето работа. На нив секако им треба посебна помош во образованието и работата.

***Инвестирање во создавање квалитетни и одржливи работни места***

Создавањето на работните места, особено во некои индустрии, кои имаат достоинствен квалитет и се достапни за младите, го посочуваат неколку од членките (IE, IT, MK, PT, RO, UK) како уште многупотребно решение. Ова оди рака под рака со промовирањето и финансирањето на можности за квалитетен приправнички стаж и работно искуство. Обидите треба да се насочат особено кон оние области и сектори кои во поментов се погодени од најголема невработеност и да се посвети посебно внимание на пристапноста на овие можности за младите лица од клучните групи, соочени со многу пречки. Социјалната економија, посебно Социјалните фирми за интергација во работата (WISEs), можат да играат главна улога при интегрирањето на младите соочени со потешкотии и дискриминација. Шемите за менторство и заедничко учество во работата се интересна идеја, приштo се негува размената на знаење и експертиза.

**ЕАПН Италија**

Да се имплементираат неопходни мерки за поттикнување на локалниот развој, што во ова време на криза, се покажа дека создава нова невработеност, самовработување и создавање на нови бизниси во нови сектори, а особено во новите информатички и комуникациски технологии итн.

**ЕАПН Португалија**

Да се обезбедат иницијативи за фирмите и работодавците што промовираат стабилни и сигурни квалитетни работни места за младите (како и за сите работници). Да се инвестира во иновациските области (органско и одржливо земјоделство, еколошки производи, трет

сектор, култура и уметност, локален и регионален развој, зачувување на културното наследство и технолошки иновации во малите и средните претпријатија).

**ЕАПН Кипар**

Владата е насочена кон sweeping / намалување на приватизацијата, што ќе го влоши проблемот со невработеноста, наместо тоа мора да преземе иницијативи за поддршка на социјалната соработка и партнерство во рамките на поширокиот јавен сектор за напредок и создавање нови работни места. Итна е потребата од субвенционирање во истражувачките проекти што ќе овозможат вработување на младите со високи факултетски квалификации.

***Поголема соработка меѓу образованието и работодавците***

Неколку членки на ЕАПН (EE, DE, IC, IT, PL, PT, RO) се согласуваат дека системите за образование и обука треба подобро да се усогласат со потребите на пазарот на трудот со цел младите луѓе да се обучат со тие вештини и способности пришто би дошле до стабилно, квалитетно вработување. Но, потребен е и поширок пристап, а неформалните вештини треба соодветно да се признаат и ценат.

**ЕАПН Португалија**

Потребни се инвестиции во образованието и обуката (заедно со стручната подготовка) сконцентрирани на конкретните потреби на пазарот на трудот и разгледување на конкретницте потреби на ранливите групи како што се младите лица.

**ЕАПН Естонија**

Државните, локални власти, младинските асоцијации и приватниот сектор треба да обрнат поголемо внимание за признавање на вештините и искуствата стекнати преку доброволни активности и треба да дојде до изедначување на доброволното работно искуство со искуството од платената работа.

## *4.4.ПРИМЕРИ НА ДОБРА ПРАКСА*

**Германија**

Проектот „Мо.Ки“ организира цела серија од превентивни мерки за социјално загрозените деца и малолетници – уште од нивното раѓање до започнувањето со работа. Прва можна помош, инклузија на родителите и точно ширење на мрежата во сите институции и организации чиј број е околу 60 на локално ниво (на пр.: акушертсво, детски градинки, семејни центри), намалување на ефектите од социјалниот избор на образовниот систем. Овие организации обезбедуваат успех во образованието и наставата. „Мо.Ки“ ги подбрува напредокот во образованието на овие социјално загрозени деца и малолетници. Тешките околности на многу семејства им ја отежнуваат поддршката на нивните деца во текот на институционалните премини. Проектот Мо.Ки ги помага и ги оспособува родителите и децата во многу раните фази.

Цели на Мо.Ки:

- Воспоставување на обезбедување успешен развој и образование за што е можно поголем број деца
- Намалување на корелацијата меѓу социјалното потекло и успехот во образованието
- Гаранција за сите деца за подобри можности за образование, настава и самоопределување
- Превенција и рано признавање на секој фактор што ја загрозува добросостојбата на децата

**Португалија**

Од 2007 до 2010 год, EPIS (Empresários para a Inclusão Social) во соработка со Министерството за образование, локалните власти и локалните бизниси, го тестираа и одобрија пилот проектот за обука за успешно образование во 10 партнерски општини, сконцентрирани на учениците кои посетуваат трет циклус образование, на возраст од 13 до 15 години. Во 2010 год за време на ширењето и интернационализацијата на методологијата, EPIS продолжија со контрола на имплементацијата на проектот во партнерските општини што сакаа да ја продолжат програмата „Посредници за академски успех“ и го прошири опсегот на делување во нивните општини со национална покриеност. Во 2012 год, активностите им беа фокусирани на вработувањето, преку промоција на Професионален Insertion фонд што ги потпомага

практикантите во деловните средини, насочени кон младите луѓе што го завршиле 9тиот степен, а се постари од 18 години. Видете повеќе на www.epis.pt.

**Евродиакониа/Eurodiaconia**

Cascina Sociale Carlo Alberto е земјоделски проект, кој го раководат како социјално претпријатие, започнат од страна на Diaconia Valdese Fiorentina во Италија. Целта на проектот е ревалозирирање на напуштено, некористено земјиште преку социјално и одржливо земјоделтсво што придонесува за локален развој и развој на заедницата, истовремено се обезбедуваат можности за вработување и инклузија за невработените млади во оваа област. Повеќе информации за ова (достапни само на италијански јазик): http://www.cascinasocialecarloalberto.it/.

**Франција (преку ФЕАНТСА)**

Програмата TAPAJ прво беше воведена во Бордо, летото 2012 год. Програмата има за цел да им овозможи вработување на младите што живеат на улица и на возраст меѓу 18 и 25 години. Принципот е едноставен. Секој месец, младиот поединец потпишува конкретен договор со AP33, организација што нуди повторно добивање на социјалните услуги. Оттука младиот поединец секој вторник попладне врши четиричасовни активности за кои му се плаќаат по 10 евра на час. На почетокот главните задачи опфаќаа претежно физичка работа во јавните паркови, како што е чистење на зелените површини. На крајот од денот младите добиваат чек што може веднаш да се реализира во готовина во поштите. Ако младите не доаѓаат во текот на следната недела, договорот не е дискутабилен. Истото важи и доколку тие одлучат да работат само два часа наместо четири. Целта на програмата е што е можно пофлексибилен договор за работа за да им овозможи на младите лица полека да се вратат на работа. По ваквото искуство, тие можат да се најдат на поформални работни места. Програмата продолжи и во 2013 год и нудеше можности за потпишување договори со подолго работно време.

## 5.УЧЕСТВО И ОСПОСОБУВАЊЕ/ЕМАНЦИПАЦИЈА

### *5.3.УТВРДУВАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ*

Учеството и оспособувањето треба да се сеопфатен елемент во секоја инклузивна политика за младите, особено во тековниот контекст на невклученоста и разочарувањето кај младите од демократските од демократксите процеси и зголемување н социјалните немири во многу земји.

Постои јасна **потреба за подиректен ангажман во процесите на дијалог и еманципација,** на макро (донесување политики и одлуки) како и микро (личен развој, животно подучување) план како и социјално и културно учество. Но, овие можности не се секогаш на располагање.

Младите во Европа сé повеќе се чувствуваат **маргинализирани, изолирани, потценети и одбиени, што доведува до зголемо рушење на самодовербата, негативна слика за себеси, нарушена самопочит, безнадежност** и во крајни случаи дури и до депресија и други слични ментално здравствени проблеми.

**ЕАПН Малта**

Недостатокот од учество во дијалогот е голем проблем, или полошо, манипулирање од страна на политичките партии и/или други институции.

**ЕАПН Норвешка**

Потребни се приспособени пакети и поголемо консултирање со младите и покреативните групи да им дозволат на младите размена на и доаѓање до решенија, заедно со локалните власти и да се чуе нивниот глас.

Тесните владини пристапи за учество обично се сконцентрирани на младите работници отколку на младите луѓе и како приоритет пред сé го ставаат вработувањето, но и одговорноста за добивање работа често им ја префрлуваат на младите невработени. Иронично ваквите стратегии доведоа до спротивен резултат, бидејќи младите чувствуваат дека се игнорирани, маргинализирани и не се поддржани, па избор гледаат во заминувањето во странство, притоа се осиромашува работната сила на земјата.

Лошиот квалитет на работни места и недостатокот од можности се другите причини кои ги принудуваат младите да заминат во странство. **Заминувањето во странство на младите е во пораст во повеќето европски земји** и додека мобилноста на трудот не е лоша работа, тие не треба да се принудуваат да заминат, мотивирани од очај, сиромаштија и ексклузија.

**ЕАПН Естонија**

Младите си заминуваат. Доколку работат во Финска, Обединетото Кралство или во Ирска, за работата добиваат двапати или трипати поголема плата.

**ЕАПН Полска**

Младите претпочитаат работа во другите земји, поради подобри услови и подобар третман – постојани системи за здравствена нега и социјална заштита. 2 милиони млади лица заминуваат за Обединетото Кралство или за Ирска, а не за Германија, Белгија и Франција, ова се младите претприемачи што ги губиме.

**ЕАПН Романија**

Огромната миграција на трудот ги погодува особено висококвалификуваните млади. Во глобала, скоро една четвртина од младите професионалци чувствуваат дека имаат повеќе можности надвор од Романија.

## *5.2.ОСНОВНИ ПРИЧИНИ*

Главната причина што ги тера младите да не се ангажираат во општеството, пазарот на трудот и донесувањето одлуки или пак заминување од земјата е немањето структури за учество што го подгорува маѓичниот круг на демотивација, срам и губење надеж.

Бидејќи не се нудат можности за нивно ангажирање, не се потпомогнати во пристапот до информациите, влезот им е спречен, младите лица ја губат довербата во институциите како на национално така и на европско ниво и разочарувањето наскоро доведува до нивна неангажираност.

**ЕАПН Естонија**

Младите немаат чувство дека се потребни во општеството. Политиката не ги зема в предвид проблемите на младите.

**ЕАПН Ирска**

На младите им недостасуваат можности за значајно ангажирање во одлуките што се

однесуваат на нив. Консултациите со младите се токенистички/привидни/вештачки

**ЕАПН Малта**

Недостасуваат достапни информации, особено за неписмените млади лица.

**ЕАПН Холандија**

Младите повеќе не се ангажираат бидејќи сметаат дека немаат иднина.

## *5.3.ШТО Е ПОТРЕБНО*

***Градење на структурен дијалог за значително вклучување на младите луѓе***

Владите треба да инвестираат во градење на цврсти партнерства со младите лица и нивните здруженија за граѓанско општество и обезбедување соодветни канали и процеси за да ги инволвираат младите во креирањето политики за млади на национално, регионално и локално ниво и да придонесат за пошироки решенија на политиките заедно со другите групи.

Младите се дел од решението, а не од проблемот и потребно е така да се чувствуваат и да придонесат за идентификување на најдобрата комбинација од политики за да им се одговори на проблемите со кои се соочени на дневна основа. Исто така е важно дека младите луѓе треба да го кажат своето за вршењето на услугите и од перспектива на корисници и за нивното социјално и културно учество, заедно со вклученоста во заедниците и граѓанските иницијативи.

**ЕАПН Естонија**

Да се легализира обврската за вклучување на младите лица во донесувањето на одлуките што се однесуваат на нив и на државно и на локално ниво – воспоставување на систем. Да се загарантира доволно финансирање за советите за учество, за поддршка на развојот на структурите и активностите што промовираат соработка.

**ЕАПН Ирска**

Да се вклучи гласот на младите во одлуките што се однесуваат на нив и да се намали возраста за гласање на 16 години.

**ЕАПН Финска**

Младинските парламенти промовираат консултирање со младите при донесувањето одлуки и ги поттикнуваат младите луѓе да се заинтересираат и да се залагаат за темите на младите лица.

***Поддршка на самопочитта и довербата на младите***

Тешко е да си го најдете местото во општеството ако сте соочени со сиромаштија и лишеност, услугите ве малтретираат и не можете да добиете достоинствено вработување. Дури е и потешко да се верува дека битен е вашиот придонес и дека вреди да се ангажирате. Треба да се обезбеди поголема поддршка за активно да ги поттикне младите да учествуваат во нивните заедници и да го поддржат учеството на младите и програмите, заедно со доброволната работа, заедничка поддршка на младите, културни и рекреативни активности како и делување во општеството и во политиката. Доколку младите се навистина иднината, треба да им се чуе гласот уште на самиот почеток.

**Македонска ЕАПН**

Треба да се поттикне младинскиот активизам.

**ЕАПН Обединето Кралство**

Само радикална промена во насоката и кај младите луѓе може да обезбеди клима за справување со ексклузијата на младите.

## *5.4.ПРИМЕРИ НА ДОБРА ПРАКСА*

**Ирска**

Comhairle na nÓg се детски и младински совети во рамките на 34те локални власти во земјата, кои на децата и на младите им ја даваат можноста да бидат вклучени во развојот на локалните услуги и политики. Лицата помлади од 18 години немаат право на глас на националните и локалните избори, па оттука Comhairle na nÓg се испланирани да им овозможат на младите да се чуе нивниот глас за услугите, политиките и проблемите што се однесуваат на нив на локално ниво.

## КОН ЕДЕН ИНТЕГРИРАН ПРИСТАП ДО СИРОМАШТИЈАТА КАЈ ВРАБОТЕНИТЕ

Во претходните делови ги разгледавме глевните елементи, кои според мислењата на нашите членови, ги спречуваат младите луѓе од целосно учество во општеството, кои ги погодува невработеноста сиромаштијата и социјалната екслузија.

Широкиот избор од теми, како и сложената природа на основните причини и опасниот потенцијал од нивните долгорочни ефекти бараат силни, интегрирани пристапи, развиени преку учество и поддршани со соодветна финансиска помош.

Тешки се сите обиди потребни за започнување на квантитативното и квалитативното одредување на проблемот, бидејќи или недостасуваат статистички податоци за сиромаштијата кај децата и младите или пак тие се нецелосни во некои земји (CY, PL).

Треба да се семат в предвид младите лица, истовремено и на еден изнијансиран начин како во еден поширок семеен контекст, така и како поединци кои имаат свои права.

На младите им е потребен пристап до правата, ресурсите и услугите  за да земат учество како еднакви личности и да водат достоинствен живот, како потполни и реализирани членови во општетството.

Како приоритет треба да се земе интегрираната поддршка за борба против сиромаштијата и промовирање на сеопфатна инклузија на младите, кои не се вработени. Ова треба да вклучи поддршка  за обезбедување соодветен приход (и преку квалитетна работа и социјална заштита), пристап до квалитетни услуги и право на еманципација и учество.

Младите на Европа бараат да им се почитуваат правата, бараат соодветна финансиска помош, заштита од дискриминација, да имаат полза од еднаквиот пристап до образованието и цел еден спектар од други пристапни, економски достапни услуги, водени кон пазарот на трудот и квалитетни работни места преку pathway/насочени пристапи.

Последно, но не и помалку важно, тие сакаат да се чувствуваат дека се вклучени, ценети и да им се дадат можности за ангажман и статус на активни граѓани.

Но и покрај истакнатиот проблем, националните пристапи остануваат несистематизирани, нецелосни и не многу соодветни што понекогаш на терен повеќе прават лошо отколку добро.

**ЕАПН Ирска**

Foroige е главна национална младинска организација во Ирска која нуди услуги за 54000 млади лица преку клубови и проекти за загрозените млади. Младинска работа на Ирска е федерација од клубови, а Националниот младински совет е национална мрежа за сите младински организации вклучувајќи ги и Foroige, Младинската работа на Ирска, извидниците, cubs/клубовите и други. Во почетокот на 2014 год, владата го објави изданието *Подобри резултати – подобра иднина*, новата национална рамка од политики насочени кон децата и младите за периодот 2014-2020 ќе ја изгради *Нашите животи – нивни животи*, првата Национална стратегија за деца (објавена во 2000 год). Ова го координира Одделот детски и младински прашања под раковоство на Министерот за детски и младински прашања. Рамката содржи нова цел на детската сиромаштија која се стреми за спас на 70000 деца од постојана сиромаштија до 2020 год, пришто би се намалиле две третини од вкупниот број.

**ЕАПН Полска**

Не е јасно колку се важни младите за политиките на нашата влада. Еден голем медиумски настан беше објавувањето на извептајот Млади 2011 со 35 општи препораки, но се случи само еднаш и тоа непосредно пред парламентарните избори и без очигледни последици: не постои агенција или тело одговорно за општите проблеми на младите, кои се канализираат во одговорностите што ги имаат неколку министерства. Младинската стратегија 2003-2012 претставува документ кој нема да се имплементира. Не постои политичка волја за поставување на проблемите на младите на агендата, освен во два исклучоци – невработеноста и (високото) образование. Во главниот дискурс преовладува

една порака: треба да го приспособиме образовниот систем на потребите на пазарот на трудот.

**ЕАПН Исланд**

Особено е важно властите да изготват долгорочни планови што се однесуваат на проблемите во образованието и вработувањето на младите. Треба да им се посвети особено внимание на оние на кои им е потребна конкретна помош, како што се младите од етничките заедници од кои се очекува дека нема да го завршат факултетот за разлика од нивните врсници.

Како најважно останува да им се даде надеж на младите. Лицата одговрни за донесување на одлуки треба да сфатат дека инклузијата на младите го надминува привидното интергрирање на пазарот на трудот и дека стратегиите во моментов се соочени со опасни последици на долгорочен план.

Тие имаат моќ да овозможат ова да не стане загубена генерација. На младите лица од Европа им е потребен позитивен и достоинствен пристап, пристап до ресурсите, можностите, услугите и правата, еманципацијата и учеството.

**Eurochild**

На политиките за млади треба да им се даде похумана димензија, за да се сконцентрираат на потребите на младите, како и да ги идентификуваат заедно.

## ВТОР ДЕЛ – НА ЕВРОПСКО НИВО

## КОЈА ТРЕБА ДА Е УЛОГАТА НА ЕУ?

### 1.Проблемите на младите во Европа 2020 и други европски иницијативи

Тешко е да се зборува за политиките кои се однесуваат на инклузијата на младите. Прва пречка претставува фактот што таквите политики во моемнтов не се јасно изразени. Има преклопувања, меѓу политиките за младите (кои често не се фокусираат конкретно на инклузија на ранливите млади) и инклузивните политики (во кои честопати на младите не се гледа како на приоритетна категорија со посебни потреби).

На ниво на Европската комисија, политиките за млади се претежно во надлежност на ДГ/DG Образование и култура, додека иницијативите насочени кон пазарот на трудот, како Младинската гаранција, се во делокругот на ДГ Вработување, социјална работа и инклузија.

ДГ Образование и културта во 2009 год ја постави EU Youth Strategy/ Стратегијата за млади на ЕУ за периодот 2010-2018 и треба да биде реализирана преку претходната финансиска програма Младите делуваат (сега Ерасмус+). Додека стратегијата претставува еден интрегриран приспат кој предлага 8 полиња на делување (образование, вработување, здравство, учество, волонтерство, социјална инклузија, младите и светот, креативност и култура) некои аспекти, како образованието, вработувањето и социјалната инклузија се во надлежност на ДГ Вработување со слаба координација со ДГ Образование и култура и други ДГ, одговорни за другите приоритети. Соработката меѓу двете ДГ, не само што се однесува на имплементацијата на оваа Стратегија, може да се зајакне повеќе, бидејќи во моементов не е јасно каде лежи централизираната одговорност за оваа Стратегија.

Стратегијата Европа 2020 ни ги прикажува трите т.н.„социјални цели“ во вработувањето, образованието и обуката и намалување на сиромаштијата. Додека првата од овие цели опфаќа јасен приоритет за младите, втората, која се занимава со борба против сиромаштијата и социјалната инклузија, скоро и не ги вклучува грижите за одредена положба на некое младо лице. Целта да се избават најмалку 20 милиони лица од сиромаштија и ексклузија до 2020 год е поткрепена во Директивата/Параметарот 10 од Интегрираните параметри кои наведуваат дека земјите-членки треба да обезбедат извесна сигурност и намалување на сиромаштијата кај младите, но само токенистички/привидно ги номинираат во долгата листа која вклучува и други ранливи групи. Ако погледнеме во

Носечката иницијатива Европска платформа за борба против сиромаштијата и социјалната ексклузија (EPAP) во прегледот на EPAP actions completed by July 2013 *(Активности на EPAP завршени до јули 2013 год)*, само една се однесува на младите луѓе – „Обезбедување на соодветна имплеметација на Шемата-плодови во образованието промовирана во 2009 год, со цел поттикнување на здрави навики во исхраната меѓу младите, како што се и лицата од семејства со низок приход, со тоа што им обезбедуваат овошје и зеленчук на училиште.“ Поголема надеж може да се види во тековните активности на EPAP, каде јасно е спомнато како цел дека „сите иницијативи на ЕУ на полето на младите ќе опфатат предлози кои меѓудругото имаат за цел да се борат против сиромаштијата и социјалната ексклузија кај загрозените млади преку неформално образование и методи на учество.“

Пакетот Млади на потег, една од Носечките иницијативи на Европа 2020 во моментов е имплементирана преку широк спектар од пропратни документи/follow-up, како што е Иницијативата за можности за младите или Пакетот за вработување на млади (кој ја опфаќа и Младинската гаранција и Иницијативата за вработување на младите, подетаљно анализирани подолу). Додека потенцијално станува збор за добар пристап , ограничен е на промовирање на можноста за вработување и обука поврзана со вработувањето, неуспевајќи да усвојат сеопфатен пристап кој нуди пошироко социјално учество и инклузија и да се создадат врски со другите европски иницијативи за социјална инклузија, како целта на сиромаштија, или европската Носечка иницијатива против сиромаштија.

Навистина, постојат Препораки од Советот (15652/1/12) од 27. ноември 2012 год за учеството и социјалната инклузија на младите со посебен акцент на лицата од мигрантски средини, како и Заклучоците на советот за придонесот во квалитетната работа за младите за развојот, добросостојбата и социјалната инклузија на младите (8575/13) од 16. мај 2013 год. Подеднакво охрабрувачка е и Нацрт резолуцијата на советот за процесот – структурен дијалог, која ја вклучува и социјалната инклузија на младите (9026/14) од 30. април 2014 год. Овие се многу позитивни документи кои ги одразуваат бројните грижи погоренаведени во овој извештај, и кои се бават со проблемите на невработените млади. Сепак, следната фаза и имплементацијата на овие документи останува нејасна, што се однесува на нивната примената во иницијативите предводени од ДГ Вработување, социјални прашања и инклузија.

Се контролираат младинските политики во рамките на Стратегијата Европа 2020 и нејзините 5 носечки цели преку Европскиот семестар. Но, додека се посветува големо внимание на политиките за младите кои го поткрепуваат вработувањето и целите на образованието, многу малку е се зборува за или не се контролира придонесот на политиките за млади за намалувањето на сиромаштијата. Годишниот преглед на растот, Извештајот за заедничко вработување и Препораките по одделни земји за 2014 год даваат општи препораки за младите, но само за она што го засега нивното вработување и имплементацијата на Младинската гаранција. Додека повеќето од препорakиве се

позитивни – се однесуваат на квалитетна работа и индивидуализиран пристап за младите до пазарот на трудот – им недостасува многупотребната дополнителна перспектива, или борбата против сиромаштијата на младите и социјалната ексклузија, не само како предуслов за остварување на целите во вработувањето и образованиeто за млади, туку и за намалување на целта на сиромаштија.

Тековниот Среднорочен извештај на Стратегијата Европа 2020 претствавува огромна можност за нов почеток во интегрираните пристапи за борба против сиромаштијата, заедно со борбата против невработеноста на младите како значаен столб, засилен со пристап до достоинствен дом, квалитетни услуги и значајно учество. Членките на ЕАПН даваат конкретни предлози по ова прашање на крајот од извештајот. Предизвик за новата Европска комисија ќе биде да интегрира координирани сеопфатни пристапи кон политиките за младите, приштo ќе се покрие еден мудар избор од политики и ќе се обезбеди одговорност и кохерентност заедно со различните ДГ кои ќе ги имплементираат.

## 2.МЛАДИНСКА ГАРАНЦИЈА

Како дел од Пакетот вработување на младите од декември 2012 год, гореспоменат, Европската комисија ги повика земјите-членки „сите млади Европјани да добијат квалитетни понуди за работа, континуирано образование, триправнички стаж или дополнителна обука во текот на четири месеци откако ќе го напуштат образованието или ќе станат невработени. Ова е познато како „Младинска гаранција“. Европската комиција се обрати до Советот да ги усвои Препораките по одделни земји за Младинската гаранција и за земјите-членки со процент на млади невработени повисок од 25% да поднесат План за имплементација на младинската гаранција до октомври 2013 год. ESF (и ESIF) финансирањето беше мобилизирано и нееднакво распределено/frontloaded, исто така преку Иницијативата за вработување на млади чија цел се лица на возраст меѓу15-24 години кои се НВОО во земјите-членки со процент повисок од 25% на невработени млади.

Од земјите-членки се побара да изготват Планови за имплементација на младинската гаранција и да ги поднесат до Европската комисија за периодот декември 2013 и јануари 2014 год. Овие беа оценувани во рамките на Европскиот семестар од страна на Комисијата и Европскиот комитет (ЕМСО) преку мултилатерален надзор. Во Комисијата беше развиена елавуациона мрежа (која не беше објавена) но соработката со националните оддели, националните тимови на Генералниот секретаријат, DG ECFIN и DG EAC. По проценката Комисијата изврши билатерални средби со земјите-членки и повеќетио земји добија Препораки по одделна земја за Младинската гаранција (а еден помал број општо за младите на терен). Сепак не е јасно што ќе следува по frontloading/периодот на нееднаква

распределба, дали ќе има уште Планови за имплементација на младинската гаранција во иднина и која е врската со националните реформски програми, Интегрираните параметри и целите на Европа 2020, а меѓу нив секкао е намалувањето на сиромаштијата.

Повеќето мрежи на ЕАПН (CY, IE, IT, PL, PT, ES, RO, +Finland via FEANTSA) гледаат на Младинската гаранција како добра можност во принцип, иако постојат и важни ограничувања и ризици, додека неколку од нив ја изразија својата верба и поддршка за оваа иницијатива (MK, NL, RO, UK). Но, ваквата стратегија би била успешна само доколку правилно се имплементира, што подразбира земање в предвид и на структурните и на индивидуалните пречки во вработувањето и социјалното учество, отколку на создавање брзи неодржливи и некомпатибилни решенија. Подеднакво, квалитетот на работата и образовните можности како дел од Младинската гаранција треба внимателно да се контролираат во поглед на сигурните индикатори. Задолжителниот елемент и враменското ограничување се охрабрувачки елементи, но постои загриженоста дека ова само ќе ги поттикне владите „to play it by the numbers/механички да делуваат“, а тоа ќе ги примора младите на слабоплатени и неквалитетни работни места само со цел да ја задоволат квотата.

**ЕАПН Португалија**

Националниот план за имплементација за Младинската гаранција беше објавен кон крајот на 2013 год. Планот го признава траењето и сложеноста на преминот меѓу образованието, работата и животот на возразните и затоа ја продолжува Младинската гаранција за млади лица до 30 годишна возраст.

**ЕАПН Кипар**

Синдикалните здруженија, членови на ЕАПН Кипар учествуваа во формулирањето на Националниот имплементационен план на Младинската гаранција. Нашата главна позиција беше владата да преземе соодветни законски мерки такашто условите од Младинската гаранција, меѓу другите, младите лица да не станат цел на експлоатација и ефтина работна сила, ниту пак да не го заменат фиксното и приспособено вработување.

**ЕАПН Ирска**

Младинската гаранција е голема можност за позитивно разгледување на пристапот до квалитетно образование, обука и вработување за младите. Но, се јавуваат и многу

прашања – колку квалитетни можности ќе бидат понудени, дали релевантните агенции имаат капацитет да ги задоволат потребите на овие млади лица, дали ќе бидат доволни ресурсите, а тоа не се имплементира како дел од интергираниот пристап за адекватен приход и услуги. Исто така имплементирањето доведе до голема условеност, заедно со заканата за намалување на исплатата на социјалната помош. Особено е важно дека младинските организации и Одделот за прашања на децата и млади се вклучени во планирањето и реализацијата на Младинската гаранција.

Некои мрежи изразија силна критика за инцијативата и ги потенцираа недостатоците што можат да го загрозат целокупниот резултат. Главните причини се поврзани со **квалитетот на работата и предложените образовни места, недостаток од вистинска грижа за доброто на младите** при имплементацијата и **недостаток од потребните дополнителни реформи,** особено во поглед на **соодветен приход и пристап до услугите**.

**ЕАПН Естонија**

Постојат многу негативни реакции од младинските организации во врска со Младинската гаранција. Пред сé се работи за трка за намалување на бројките.

**ЕАПН Обединето Кралство**

Младинската гаранција ad/и Иницијативите за вработување на младите се насочени кон пазарот, со цел работодавците да дојдат до пари без следна фаза или повратна информација.

**ЕАПН Италија**

За жал, паралелно со овие мерки, нема услови за реформа во услугите за вработување. Поради слабата ефикасност на тие услуги, постои ризик што ќе ја наруши имплементацијата на Младинската гаранција.

**Обединето Кралство**

Европската комисија предложи дека владиниот чекор напред од Младински договор до

Младинска гаранција го зголемуваат квалитетот и траењето на приправничкиот стаж, го поедноставуваат системот на квалификации, ја зајакнуваат ангажираноста на работодавецот, особено во техничките вештини и го намалуваат бројот на младите на возраст од 18 до 24 години со слаби основни вештини, преку ефикасна имплементација на приправничкиот стаж. Реакцијата на владата за слабите основни вештини беше предлог да се повлечат бенефиците за социјална помош за младите лица кои не успеваат да задоволат даден стандард по математика или англиски јазик.

**ФЕАНТСА**

Резултатот од финската младинска гаранција останува да го видиме: во април годинава имаше повеќе невработени млади лица отколку во април минатата година. Рецесијата е тежок период за имплементација на мерките, иако целта за подобрување на инклузијата е широкопозната. Критикувани беа мерките бидејќи тие не вклучуваа домување, бидејќи фактот да се има достапен дом е предуслов за студирање или работа.

Eurofound неодамна промовираше проект за имплементирањето на Младинската гаранција, се идентификуваа обиди во 10 земји-членки, во поглед на еден гереналeн контекст и статус кво состојба, факторите за успех, бариерите, предизвиците и трошоците во имплементирањето и конкретните дејства што треба да се преземат. Сепак, нивното претходно истражување (Eurofound, 2012) покажа дека шемите за младинска гаранција кои служеа како модел за шемата на ЕУ (Финска и Данска) не функционираат за младите лица кои имаат сложени потреби, како што се и бездомниците.

**ФЕАНТСА**

Европската Унија треба итно да подготви алтернативи за европската Младинска гаранција, доколку сериозно размислува за вработување, обука или образование на СИТЕ лица помлади од 25 години.

## 3.УЛОГАТА НА ФИНАНСИРАЊЕТО ОД СТРАНА НА ЕУ

**Фондовите на ЕУ** можат да играат значајна улога за поддршка на инклузивните пристапи за младите, да го обезбеди нивното социјално учество и интеграција на пазарот на трудот. Улогата на фондовите на ЕУ посебно во потребите за создавањето работни места сепак треба сериозно да се осмисли бидејќи на пример, организациите на работодавците (како Деловна Европа) го бранат ставот дека единствениот начин за борба против невработувањето на младите е преку доделување субвенции на фирмите за да ги вработуваат младите лица.

Во ова се гледа можниот ризик на ESF да се гледа претежно како поддршка на Европската иницијатива за вработување, што претставува еден кратовид пристап кој се темели на работата. Комбинирана употреба на фондовите на ЕУ (ESF и Ерасмус+) може таргетирано да се примени со цел мирен премин од инклузивното образование кон квалитетно вработување преку Програми за стручна подготовка и образование (VET) и обезбедување на прекугранична мобилност во самата ЕУ во слободните места за обука.

Другите фондови на ЕУ исто така се покажаа како релевантни, на пример, при обезбедувањето можности за младите од руралните средини, преку повторна евалуцаија на земјоделството, инвестирајќи во мали земјоделски и сточарски претпријатија и создавајќи услови за овој тип на младинско претприемаштво, на село. Во оваа рамка, CAP post-2013 има за цел да се се стимулира поставувањето на младите фармери со конкретни правила на плаќање.

Во поглед на следниот период на програмирање на Структурните фондови, клучното интересирање за проблемите на младите сé уште останува вработувањето. ESF навистина има јасна улога за реализација на Иницијативата за вработување на младите. Земјите-членки чии стапки на невработеност надминуваат 25% ќе имаат полза од доделената специјална помош од 3 милијарди евра (3,2 милијарди евра на моментално ниво) за борба против невработеноста на младите под Иницијативата за вработување на млади (YEI). Оваа помош треба да се дополни со најмалку истиот износ што ќе се извлече од ESF доделените средства за земјите-членки и посебно ќе им помогне на земјите-членки да ги имплементираат своите Планови за имплементација на младинската гаранција.[2]

---

[2] Финансискиот износ на ESF на национално ниво кои ѝ се доделува на Иницијативата за вработување на младите е достапни тука: ___________________________________

Но, треба да се направи многу повеќе во поглед на тоа финансирањето од страна на ЕУ, посебно Структурните и инвестициските фондови на ЕУ (ESIF) да можат целосно да придонесат за инклузија на социјално ранливите млади. Ова е централен проблем со кој треба да се справат земјите-членки и региони, со цел да ја намалат сиромаштијата преку ESIF (и преку задолжителна употреба на 20% ESF наменети за намалување на сиромаштијата). Неколку членки на ЕАПН јасно истакнаа дека ESIF не се користи доволно во тој поглед.

**ЕАПН Кипар**

Повторна обука, настава и развој на вештини претставуваат добри пракси во Кипар, но тие претежно се промовирани преку локалното финансирање и Структурните фондови на ЕУ на извесен начин помагаат во социјалниот и економскиот раст, но за жал, не го спречуваат проблемот.

**Македонската ЕАПН**

Македонија беше во можност да ги користи Структурните фондови за вработување на млади, но за жал овие фондови не се користат во целост како што беше планирано.

**ЕАПН Романија**

Во текот на мај 2012 и јули 2013 год, коефициентот на употреба на Европските структурни фондови во Романија достигна вкупно 19,1% и 16,2% преку Операционата програма за развој на човечки ресурси (HRD OP).

Успешните проекти треба навистина да започнат со работа преку справување со проблемите во наставата на социјално загрозените деца вклучувајќи тука и воншколски активности.

**ЕАПН Малта**

Проектот Ic Cavetta ESF 3,66 е алатка за описменување со цел следење настава по основното ниво на малтешкиот јазик за младите и возрасните. Оваа алатка ја создаде невладината „Paulo Freire Institute“.

Овие проекти исто така нудат приспособена, индивидуализирана помош – советување, подучување и водење во наставата – преку училиштата за втора шанса, неформални и програми за учење.

**ЕАПН Германија**

- Проектот „Kompetenzagentur“ (Агенција за компетентност) која постоеше 200 пати во Германија доби 35 Мио/милиони евра годишно од ESF. Овие малолетници добија индивидулано подучување и водство во наставата. Тоа им помогна додека бараа обука по завршувањето на училиштето.
- На федерално ниво постоеше програмата „зајакнување на младината“ финансирана од буџетот на ESF. Агенцијата за компетентност беше финансирана од неа како и проектот „напуштена настава – втора шанса“.

Компонентата базирана на локално ниво претставува исто така суштествен елемент кој овозможува спроведените активности навистина да им одговараат на конкретните потреби на младите на терен.

**ЕАПН Германија**

Во новиот период на финансирање од ESF ќе се стави повеќе акцент на насочување/ориентација на заедницата. Новото име на програмата ќе гласи „зајакнување на младината во КВАРТАЛОТ“. При ова локалните власти ќе имаат поголема одговорност за организирање на помош од еден единствен извор за социјално загрозените деца.

Кога се работи со социјално загрозените групи на млади луѓе, проектите треба исто така да се справат со проблемот на недостаток од социјален капитал, што ја отежнува социјалната интеграција и конечно долгорочна и успешна интеграција на пазарот на трудот. Затоа треба да се создаде ширење на мрежата.

**ЕАПН Германија**

Објектите наменети за повеќе генерации нудат можности за ширење на мрежата за различните целни групи да можат да создадат синергии со финансирањето од ESF и федералното министерство за семејни прашања (BMFSFJ)...

Треба да се покријат сите загрозени и сегрегирани средини (и урбаните и руралните) од страна на фондовите на ЕУ.

**ЕАПН Романија**

HRD OP развија добри пракси за да им помогнат на младите луѓе да ги постигнат своите цели и да го подобрат животот и животните услови. На пример во руралните средини недостасуваат програми за стручна подготовка и поддршка при интеграцијата на пазарот на трудот. Проектите ESF ги нудеа овие можности и приспособени услуги за да им одговорат на потребите на младите. Овие проекти ги реализираа конкретните интервенции за корисниците да се стекнат со способности и вештини, континуирано образование, ја зголемија нивната свест, го зголемија учеството на пазарот на трудот и бројот на еднакви можности за сите.

Овој (creaming) феномен го спречува значајниот придонес на ESIF во инклузијата на младите. Затоа треба да се таргетираат сите социјално ранливи групи на млади, заедно со Ромите, мигрантите и азилантите. Ова ќе придонесе за поголема отвореност на јавните и приватните институции за подобро справување со доскриминацијата на овие групи.

**ЕАПН Република Чешка**

Се водат програми за помош на децата Роми во образованието и периодот што следи по задолжителното образование вклучувајќи ја FSG Spain – Promociona, IQ Roma servis CZR – Gendalos. Ова опфаќа изградба на паркови, мултикултурни игралишта и капацитети за рекреација во исклучените региони – на пр. Брно, CZR, Svitavskénábřeží за средствата на ЕУ.

**ЕАПН Германија**

Т.н. Bleiberechtsnetzwerk (мрежа што се бори за правото да се остане) нуди квалификации и образование за азилантите и толерираните лица. Направи огромно влијание врз

интеркултурното отворање на институциите од типот на училишта, агенции за вработување и институции за стручна подготовка и подобрени шанси за инклузија на младите членови од дискриминираните групи.

Треба да се поддржуваат иновативните проекти како моќно оружје против социјалната ексклузија на младите и против невработеноста на младите, под услов тие да се на локално ниво и се раководени од невладини организации или подрзбираат голема вклученост на невладините организации. Како клучен фактор за успех на овие проекти како да се зајакнат за да влијаат на локалните и националите политики.

**ЕАПН Италија**

Во моментов во некои региони е потребна финансиска помош за иновациите и вработувањето на младите, дури и со помош од ESF, создавањето на Fablab (фабричка работилница која применува нова опрема како на пр. 3Д принтери и скенери).

**ЕАПН Полска**

Се користат ESF фондовите за борба против социјалната ексклузија на младите. Претежно тие се канализираат за финансирање на иновативни проекти под тематските инструменти за социјална интервенција и еднакви можности. Нивниот број изнесуваше 29 во имплементациската фаза, но не е јасно до кој степен нивните резултати и прозиводи ќе влијаат врз локалните политики. Во иновативните проекти постојат барања за нивно ширење и поголема распространетост, но зајакнувањето на добрите иновации претставува тешка задача. Многу од тие проекти се наменети за конкретни групи, на пр. трауматизирани лица, кои ги напуштаат згрижувачките домови или поправните установи, младите од руралните средини или се сконцентрирани на методи за работа со млади: подучување, културна терапија.

Сите горенаведени елементи сé уште се спречени од потешкотиите со кои се соочени (малите) невладини организации при пристапот до финансирањето од ЕУ. Админстративните (канцелариска работа, бирократија) и финансиски (недостаток од претфинансирање, високи барања за кофинансирање) пречки многу го отежнуваат пристапот на невладините организации до ESIF. Управните органи треба што е можно

повеќе да ги отстрануваат овие пречки со цел пристапот на невладините организации до ESIF да стане реалност.

**ЕАПН Холандија**

Средствата на ESF ќе се користат за Амбасадорот на младите. Ќе бидат достапни вкупно 30 милиони евра што доажаат од ESF, додадени на 50 милиони евра од владата. За организации како нашата или други на пазарот, многу е важно да се дојде до ESF фондовите за создавање на иновативни проекти. Секако тука е и потребата за добивање пари од владините институции. Тие ги трошат парите на големи проекти и на ист начин како секогаш.

## ПРЕПОРАКИ ЗА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

### 1.Борете се противсиромаштијата и ексклузијата – не само небработеноста

- Заборавете ја претпоставката дека сите проблеми со инклузија на младите ќе бидат решени преку нивно интрегрирање на пазарот на трудот, особено кога предложените работни места, особено на младите, се со лош квалитет и не се оддржливи.
- Сменете ја политичката ситуација и преминете од „невработеност на младите“ во „инклузија на младите“, на пример применете инклузивен пристап кој се заснова на соодветен минимален приход, пристап до квалитетни услуги и инклузивни пазари на трудот.

### 2.Воспоставете реална, интрегрирана стратегија за млади која ќе ги почитува правата, со силна компонента на социјална инклузија

- Оваа стратегија треба да има полза од сеопфатното имплементирање и одговорноста за неа да не е поделена меѓу институциите и документите што ѝ ја ослабнуваат кохерентност и ѝ ја загрозуваат ефикасноста
- Вклучете конкретни активности со соодветно финансирање за особено ранливите групи млади

### 3.Социјалната инклузија треба да стане јасен предмет на интерес во обидите да се намали сиромаштијата во рамките на Европа 2020

- Истакнување на младите како група соочена со ризикот од сиромаштија и социјална ексклузија во Годишниот преглед на растот и разгледување на Препораките по одделни земји по ова прашање
- Поголем приоритет и видливост за ексклузијата за млади, надвор од самото вработување и образование, во Европската платформа за борба против сиромаштијата и други иницијативи со цел да ја остварат целта за намалување на сиромаштијата, заедно со потцелта
- Дополнување на бројот на грижи за социјалната инклузија и иницијативи на политиките на Иницијативата младите на потег, која во моментов само е одговорна за образованието и вработувањето.

## 4.Реализирање на Младинската гаранција!

- Контрола преку Европскиот семестар и Проценката на националните имплементациски планови, за да се осигура дека понудите за вработување и образование кои им се предлагаат на младите се навистина квалитетни
- Обезбедување на дополнителна поддршка и контрола штом младите ќе добијат вработување или понатамошно школување
- Дополнување на условите од Гаранцијата со пристап до соодветен приход, квалитетни услуги и механизми на учество
- Најисклучените НВОО како што се младите бездомници да бидат покриени од имплементациските планови. И доколку ова не е случај/ не е возможно, развивање на конкретни иницијативи за зајакнување на врската меѓу пазарот на трудот за младите бездомници, преку собирање и промовирање на најдобрите пракси

## 5.Младите треба да се тематски приоритет во Пакетот за социјално инвестирање

- Поставување на препорака врз моделот Инвестирање во децата за тоа како да се постигне сеопфатна, одржлива инклузија на младите во ЕУ, со конкретни предлози за делување и мапа за имплементација.

ИНФОРМАЦИИ И КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ

За повеќе информации за ова издание и за работењето на ЕАПН во областа на вработувањето, контактирајте ја
Amana Ferro, EAPN Policy Officer amana.ferro@eapn.eu

За повеќе информации за политиката и препораките на ЕАПН контактирајте ја
Sian Jones, EAPN Policy Coordinator sian.jones@eapn.eu

Видете EAPN изданија и активности www.eapn.eu

**Европската мрежа за борба против сиромаштијата (EAPN) е најголемата европска мрежа од национални, регионални и локални мрежи. Вклучувајќи ги и невладините организации кои се борат против сиромаштијата и grassroots групи/ членовите на групите како и европските организации, активни во борбата против сиромаштијата и социјалната ексклузија. Основана е во 1990 година.**

EUROPEAN ANTI-POVERTY NETWORK. Reproduction permitted, provided that appropriate reference is made to the source. September 2014.

EAPN is supported by the Directorate – General for Employment, Social Affairs and Inclusion of the European Commission. Its funding is provided for under the European Community Programme for Employment and Social Solidarity PROGRESS (2007 – 2013).

For more information:
http://ec.europa.eu/social/main.jsp?catId=327&langId=en

The information contained in this publication does not necessarily reflect the position of the European Commission.